# ООУ„ЃОРЃИ СУГАРЕВ“ – БИТОЛА

## САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

### ЗА ПЕРИОД ОД 2023 ДО 2025 г.




29.10.2025 г.

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адреса | Ул:„Димитар Влахов“ бр. 32 |
| Телефон, е-пошта | |
| Период на подготовка на СЕУ | |
| Број на ученици во училиштето | |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | М-р Биљана Темелкова |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | |
| Потпис | |
| Датум | |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ – Битола** **Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Индикатори за подрачјето**: |
|---|
| **1.1 Планирања на наставниците**<br>**1.2 Наставен процес**<br>**1.3 Искуства на учениците од учењето**<br>**1.4 Оценувањето како дел од наставата**<br>**1.5 Воннаставни активности и натпревари** |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Годишна програма за работа на училиштето;<br><br>-Планирања на наставниците;<br><br>-Списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки;<br><br>-Записници и списоци од состаноци на стручни активи;<br><br>-Анкети со наставници;<br><br>-Интервју со директорот, стручни соработници;<br><br>-Извештаи од стручни | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Наставниците ги изготвуваат своите планирања согласно програмските документи донесени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.<br>Директорот и стручната служба навремено информираат за сите новини и измени во наставните програми и начинот на водење на педагошката евиденција и документација и сите документи се доставуваат до наставниците на нивната електронска пошта.<br>Секој наставник ги изработува планирањата согласно насоките од БРО(планирања до VII одделение согласно новата Концепција за основно образование). На училишниот драјв во фолдер **Професионални портфолија** сите наставници имаат сопствен фолдер во кој ги прикачуваат сите потребни документи поврзани со планирање на наставата и водат електронско професионално портфолио.<br>**Анализата од спроведената анкета со наставници ги покажува следните резултати:**<br>***„Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати годишно“*** **- 89,2 %** од наставниците **се согласуваат** |

| | | |
|---|---|---|
| соработници за следни планирања. | | дека електронското портфолио го олеснува увидот за следење и поддршка на планирањата на наставниците од страна на директорот, стручната служба или членови од тимот за професионален развој, а **18,8% делумно се согласуваат.** |
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | На ниво на одделенски совети во одделенска настава се изработуваат планирања на реализација на наставните програми, неделни планирања и сценарија за час. Неделните планирања според насоките ги споделуваат со родителите. На месечно ниво се организираат состаноци на ниво на стручен актив од 1-5 одделение и на ниво на одделенски совети за секое одделение посебно.<br>Во предметна настава состаноците се одвиваат на месечно ниво по соодветни стручни активи.<br>**Анализата од спроведената анкета со наставници ги покажува следните резултати:**<br><br>***„Стручните активи разменуваме искуства за планирање на реализација на наставните програми согласно програмата за работа на активот“.***<br>Најголем дел од анкетираните наставници или **95,3%** се искажаа дека преку месечни средби согласно програмата за работа на активот разменуваат искуства за планирање на реализација на наставните програми, а **4,7% делумно се согласуваат.**<br>Планирањето и соработката на ниво на активи во голема мера им ја олеснува работата, се забележува подобрување на квалитетот на планирањата ии реализација на активностите, а посебно е важна поддршката која се дава на наставниците со помало работно искуство . |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Годишна програма за работа на училиштето;<br>-Распоред на часови; е-дневник;<br>-Педагошка евиденција и документација;<br>-Списоци и извештаи од | Реализација на наставни планови и програми | Во училиштето се реализираат програмски документи - наставни планови и програми изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука.<br>Реализацијата на наставата се одвива согласно дадените насоки и упатства од надлежните институции.<br>Планирањата на реализација на наставните програми според новата концепција |

| | | |
|---|---|---|
| реализирани обуки;<br>-Записници од состаноци на стручни активи;<br>-Анкети со наставници; ученици, родители/старатели;<br>-Дискусии во форкус групи со ученици, наставници и родители/старатели;<br>-Интервју со директорот, стручните соработници;<br>-Извештаи од посети на наставни часови;<br>-Решенија за инклузивен тим на училиштето;<br>-Изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со ПОП;<br>-Записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик;<br>-Извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ),<br>-Извештаи од реализирани активнос-ти за меѓуетничка интеграција, вклучително и заеднички наставни часови;<br>-Материјали од постапката за определување изборни/слободни изборни предмети и активности;<br>-Планирања за изборни предмети. | | од прво до седмо одделение навремено се планираат и согласно насоките се реализираат. Во осмо и деветто одделениие се работи по постоечките наставни планови програми.<br>Согласно Годишната програма за работа на училиштето сите наставници планираат и реализираат активности за додатна и дополнителна настава, интегрирање на меѓупредметни теми: меѓуетничка интеграција, ЕКО едукација и согласно можностите планиираат ИКТ содржини. Изработуваат планирања за ученициi со ИОП и Модифицирана програма согласно насоките од МКФ и во соработка со инкулизвните тимови на ученикот и ИТУ.<br>Секој наставник го планиира и својот личен и професионален развој, изработува програма за соработка со родители, работа со одделенската заедница, воннаставни и слободни активности, стручни активи, натпревари и проектни активности согласно насоките од Годишната програма за работа на учиилиштето.<br>Наставниот процес се одвива непречено и во пропишаниот обем и за време на оправдани отсутва на наставници( боледување, службени отсуства заради професионален развој, реализација на проекти и сл.), часовите ги реалираат наставниции кои ги предаваат соодветните премети на отсутните наставници.<br>**На прашањето – „*Во текот на учебната година, моето дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот*** од 67 анкетирани родители**, 60 или 89,6% се согласуваат,** а **делумно се согласуваат 7 родители** или **10,4% .** |
| | Избор на наставни предмети | Согласно насоките од новата концепциија за основно образование, слободните изборни активности од 1-3 одд. и изборните предмети од 4 – 8 одделение се во согласност со Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури.<br>Учениците по пат на анкета прават избор на два предмети кои сакаат да ги изучуваат во прво/второ полугодие, а училиштето овозможува услови за успешно организирање на изборната настава.<br>На прашањето поставено до наставниците, родителите и учениците дека<br>***„Училиштето нуди слободни изборни предмети од различни*** |

| | | |
|---|---|---|
| | | ***категории во одделенска и предметна настава прилагодени на потребите и интересите на учениците“*** испитаниицте ги дадоа следните одговори:<br>Од 65 <u>анкетирани наставници</u> **95,4%** се согласуваат, а **4,6 % делумно се согласуваат.**<br>Од 65 <u>анкетирани родители</u> **61 или 91%** се согласуваат, **5** или **7,5% делумно е согласуваат**, а **1 родител** или **1,5 % не се согласува**.<br>Учениците одговараа на прашањето ***Сам/а ги имам избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам, според моите интереси***.<br>Од **67** <u>анкетирани ученици</u> 45 или 69,2% се согласуваат, делумно се согласуваат **12** или **18,5%** и **не се согласуваат 8** или **12,3%** ученици. |
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | При реализацијата на наставата, наставниците се искажаа дека планираат и реализираат активности и задачи кои ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците.<br>Како ресурси наставниците освен учебници изработуваат печатени и дигитални материјали со цел да им ја олеснат работата на учениците и да ги поттикнат на поголема активност. Исто така користат од понудените онлајн ресуси за реализиацција на активности во сопствените одделенија.<br>Наставниците соодветно структурата и преднаењата на учениците користат различни приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн.<br>За учениците со ИОП и модифицирана програма се користат методи и техники кои се планираат и реализираат во соработка со образовните асистенти.<br>Резултатите од анкетниот прашалник се следните:<br>На ***прашањето „Активностите на часовите ги приспособувам според стандардите за оценување на индивиудалните образовни потреби на ученииците“*** од 65 анкетирани наставници ги добивме следните одговори:<br>**96, 9% се согласуваат, 1,6% делумно се согласуваат и 1,5 не се согласуваат**<br>Од испитани 65 родители, **58 или 86,6%** се согласуваат, а делумно се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласувам **9/13,4%** дека:***„Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете“.***<br>Од 65 анкетирани ученици на прашањето:***„На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.“)*****59 ученици** или **90,8% се согласуваат,** делумно се согласуваат **3 ил 4,6%** и не се согласуваат **3 или 4,6%** |
| | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Од посебна важност за функционирање на образовнито триаголник: наставник - ученик - родител е воспоставување на доверба, искрена комуникација со цел да се воспостави квалитетна меѓусебна интеракција.<br>Во анкетинот прашалник беа поставени прашања до сите чинители.<br>Одговори на прашања од страна на **<u>67 наставници:</u>**<br>На прашањето ***„Во наставата користам различни техники, форми и методи на работа кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми со интеракција меѓу учениицте“*** 90,8% од наставниците се согласуваат, а 7,2 % делумно и 2% не се согласуваат.<br>***„Редовно ги пофалувам учениците за вложениот труд и постигнатите резултати -*** се согласуваат 98,5% од наставниците и 1,5% делумно се согласуваат<br>***„На учениците им кажувам што добро научиле, а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања“-*** се согласувам 93,8% и 6,2% делумно се согласуваат.<br>**<u>65 ученици</u>** одговараа на прашањата:<br>***„На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.)“ -*** 59 ученици или 90,8% се согласуваат, 3 ученици или 4,6% делумно се согласуваат и 3 ученици или 4,6% не се согласуваат.<br>***„На најголем број од часовите, сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме, прашања, дискутираме, работиме во групи)“.*** 53 ученици или 81,5%, делумно се согласуваат , 8 ученици или 12,3% и 4 ученици или 6,2% не се согласуваат.<br>**<u>67 родители</u>** се искажаа по следните прашања:<br>„***Наставниците го пофалуваат моето дете за вложениот труд и постигнатите резултати“.*** 61 родител или 91% се согласуваат, а |

| | | |
|---|---|---|
| | | делумно се согласуваат 6 родители или /9%<br>„***Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи“.*** 61 родител или 91% се согласуваат, а делумно се согласуваат 6 родители или /9%<br>Според собраните податоци во училиштето постои висок степен на почитување и интерекација помеѓу наставници и учениците што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање.<br>На поголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На поголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. |
| | Реализација на образовна инклузија | Со решение/одлука на директорот на училиштето се формирани Инклузивниот тим на училиштето и инклузивни тимови на ученици.<br>Во училиштето функционира Центар за поддршка на учењето на учениците со ПОП што претставува поддршка за сите наставници во врска со спроведување на инклузивното образование бидејќи во него работат повеќе специјални едукатори и рехабилитатори.<br>Во одделенска настава во редовните паралелки има вклучено ученици со ИОП и Модифицирана програма за кои се ангажирани образовни асистенти(еден во прво, три асистенти во второ одделенение, еден во трето, еден во четврто одделение и еден во шесто одделение во предметна настава).<br>На прашањето ***„Имам искуство во изработка на ИОП за ученици со потешкотии во учењето согласно препораките и проценката на стручното тело при МКФ“*** од 67 наставници најголем процент од наставниците или 46,2% се искажаа дека **делумно** знаат да изработат ИОП, 43,1% се искажаа дека имаат искуство при изработка на ИОП, а 10,8 % дека немаат искуство за изработка на ИОП.<br>Асистивната технологија не ги задоволува потребите во училниците од редовна настава, ресусри се обезбедени од страна на наставниците и образовните асистенти.<br>Во редовна настава нема ученици со физичка попреченост на кои им се потребни дополнителни услови за редовно следење на наставата, но сепак |

| | | |
|---|---|---|
| | | има пристапни рампи за сите ученици кои ги користат третманите во дефектолошките и логопедските кабинети, како и се нзорната соба.<br>Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот.<br>Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел за најдобар интерес на ученикот.<br>**Од интервјуто со психологот како одговорен за инклузивниот тим се добиени следните одговори**<br>***Во врска со соработката со МКФ и со други чинители за инклузивното образование*** се искажа дека таа е на високо ниво, редовно се испраќаат извештаи за ученици кои се за проценка или реевалуација и навремено се врши закажување на ученици за проценка по службена должност. Соработка има и со тимовите на другите основни општински училишта преку нашите специјални едукатори и рехабилитатори, со ресурсниот центар „Кочо Рацин“ – Битола, кој е одговорен и ги обезбедува образовните асистенти во нашето училиште, со локалната самоуправа итн. |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Училиштето со оглед на мултиетничкиот карактер се вклучува со учениците во активности за промовирање на мултикултурализмот. Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО.<br>Реализирани се мултикултурни работилници по повод новогодишни празници, одбележување на верски празници од различни националности, спортски натпревари за време на патрониот празник на нашето, но и на соседните училишта со цел промовирање на соработка, другарство, соживот и почитување на различностите.<br>67 наставници на анкетното прашање***„ Реализирам МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план“*** се искажаа на следниот начин: се согласувам 70,8%,, делумно се согласувам 27,7 и не се согласувам 1,5%<br>На анкетното прашање ***„ Сум бил/а вклучен/а во активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште)“*** од 65 анкетирани ученици, 53 или 80% се искажаа дека имаат учествувано во |

| | | |
|---|---|---|
| | | активности со учнеици од други култури, 5 ученици или 7,7% делумно се согласуваат, а 8 ученици или 12,3 % дека не учествувале во такви активности.<br>Од анкетата со ***фукус групата со родители*** изкажана е голема згриженост за непочитување на реонизацијата и тоа што огромен процент од родителите чии деца припаѓаат на нашиот реон воопшто не ни помислуваат да го запишат своето дете во училиште за да учи со Роми. Својот револт го насочуваат кон локалната самоуправа и нејзината неможност правно да го реши овој проблем со што е овозможено училиштето да стане чисто етничко**"ромско".** |
| **Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкета со учениците, родителите/старателите и наставниците;<br>разговори во фокус групи со ученици, родители/старатели и наставници;<br>разговор со стручна служба;<br>увид во ученичките досиеја;<br>увид во евиденцијата на стручните соработници. | Средина и атмосфера за учење | Наставниците, учениците и родителите го доживуваат училиштето како инклузивна, безбедна и мотивирачка средина за учење.<br>Во разговор со <u>фокус група на наставници</u> најголем дел од наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Иако користат различни начини за мотивирање на учениците, незаинтересираноста на родителите за образованието, пред се заради нискиот економски и социјален статус на семејството ја намалува уште повеќе мотивираноста на ученици за учење и напредок.<br>Од разговорите со <u>фокус групата на родители</u> родителите отворено се искажаа дека имаат голема доверба во наставниците и дека тие имаат подеднаков однос кон сите ученици. Наставниците отворено и транспарентно разговараа со учениците за нивниот успех, напредок во учењето и како да го подобрат истиот.<br>Од 67 родители на прашањето***„Училиштето го чувствувам како безбедна и мотивирачка средина за моето дете"****. 54 или 80,6% се согласуваат,* делумно се согласуваат 11 родители или 16,4% и 2 родители или 3% не се согласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | На анкетниот прашалник, од 65 анкетирани ученици на прашањето***„ Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување“*** 58 ученици или 89,2% се согласуваат, делумно се согласуваат 5 ученици или /7,7% и 2 ученика или 3,1% не се согласуваат.<br>***„Ако не знам нешто на часовите, можам слободно да ги прашам наставниците“*** 57 ученици или 87,7% се согласуваат, делумно се согласуваат 7 ученици или 10,8% и не се согласува 1 ученик или 1,5%.<br>За време на часовите, поголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Соработката на наставниот кадар и стручната служба е на солидно ниво во врска со идентификување и задоволување на образовните потреби на учениците.<br>Најголем дел од наставиот кадар или 96,9% се искажаа потврдно на ***прашањето „Активностите на часовите ги приспособувам според стандардите за оценување на индивиудалните образовни потреби на учениицте“.***<br>Во периодот септември 2023 до јуни 2024 година во училиштето се реализираше **туторска настава** во соработка со Ромактед програмата и Општина Битола во која поддршка во учењето добија над 75 ученици од второ до петто одделение по македонски, англиски јазик и математика од страна на 6 тутори.<br>Во редовните паралелки има ученици чии родители сеуште не ги носат на проценка своите деца во МКФ, со што се отежнува реализацијата на часовите во редовните паралелки. Инклузивниот тим на училиштето, стручната служба и менаџментот прават напори да се излезе во пресрет и на тие ученици, на тој начин што помагаат веќе ангажирани асистенти, а исто така се згрижени во продолженииот престој во Центарот за поддршка на учењето каде добиваат и поддршка од специјални едукатори и рехабилитатори. |

<table>
<tr><th colspan="3">Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата</th></tr>
<tr><th>Извори на податоци</th><th>Теми по индикатори</th><th>Информации кои се собрани</th></tr>
<tr><td rowspan="2">-Програма за работа на училиштето;<br>-Распоред за додатна и дополнителна настава;<br>-Списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава;<br>-Правилник за оценување и напредување на учениците;<br>-Интерен правилник за оценување;<br>-Увид во педагошката евиденција и документација;<br>-Користени инструменти за оценување;<br>-Примери на оценети ученички трудови;<br>-Записници од стручните активи, наставнички совет;<br>-Анкети/интервјуа со учениците и наставниците, родителите/ старателите;<br>-Инструменти за индивидуализирани начини за проверка</td><td>Училишна политика за оценување</td><td>Наставниците на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со стандардите за оценување по новата концепција според кои се водат во формативното оценување и резултите за учење кои се важни за сумативното оценување.<br>Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување.<br>Најголем дел од анкетираните 65 ученици или 57, а тоа е 87,7% се искажаа позитивно на прашањето „Наставниците однапред ни ги објаснуваат критериумите за секоја оцена и праведно не оценуваат“. Делумно се согласувам 6 ученици или 9,2% , а не се согласуваат 2 ученика или 3,1<br>Фокус групата на родители позитивно го оцени Отворениот ден на училиштето кој им дава можност на сите родители во исто време да имаат средба со сите одделенски или предметни наставници кои им предаваат на нивноот дете и да се запознаат со неговиот успех, како и да слушнат мерки за подобрување.<br>„Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигнувањата на моето дете на училиште според критериумите за оценување по нивниот предмет“ – 88,1% или 59 наставници се согласуваат, а 11,9% или 8 наставници делумно се согласуваат.</td></tr>
<tr><td>Методи, форми и инструменти за оценување</td><td>Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. На анкетното прашање:„Применувам различни начини на оценување на учениците и ги поттикнувам на самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.“ 84,6% од 67 анкетирани наставници потврдно се изјаснија, 13,8% делумно , а 1,6% не се согласуваат.<br>Висок процент од анкетираните ученици или 62 ученици, 95,4% се согласуваат дека „Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.)“, а 3 ученици или 4,6% делумно се согласуваат. „Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување“ – 58 ученици или 89,2% се согласуваат, 5 ученици или 7,7% делумно се согласуваат и не се согласуваат 2 ученика или 3,1%.</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Секоја година, стручната служба прави споредбени анализи на успехот на учениците со претходната учебна година. Средниот училишен успех во ООУ Ѓорѓи Сугарев – Битола за крајот на учебната 2024/25 изнесува 2,75.<br>Поради големиот број на изостаноци и заради специфичностите на структурата на учениците кои во поголем број потекнуват од социјално загрозени семејства, ученици Роми повеке е нагласена советодавната работа со нивните родителите и примена на Правилникот за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки донесен во 2024 год.<br>Се следи и успехот на учениците во Посебните паралелки и Центарот за поддршка а учењето<br>Специјалните едукатори и рехабилитатори применуваат соодветни методи и техники и дијагностички тестови и спроведуваат формална или неформална иницијална проверка на знаењата и вештините на учениците.<br>Во текот на наставата проверката на знаењата и оценувањето е најчесто формативно. Кај учениците од V и VI одделение е неформално микросумативно, а кај учениците од VII, VIII и IX одд.е формално етапно микросумативно и се применуваат тестови и наставни ливчиња според индивидуалната способност на ученикот за проверка на знаењата. Кај овие ученици оценувањето е етапно и завршува со оценка на тромесечие и полугодие. |
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.<br>Родителите позитивно се искажуваат за поддршката која ја добиваат од наставниците и училиштето<br>***„Наставниците го пофалуваат моето дете за вложениот труд и постигнатите резултати“ -*** се согласуваат 61 родител или 91% ,а ) делумно се согласуваат 6 родители или 9%<br>***„Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи“.***се согласуваат 61 родител или 91% , а делумно се согласуваат 6 родители или 9% . |

| Индикатор 1.5 Вонnаставни активности и натпревари | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Годишна програма за работа;<br>-Програми за воннаставни активности;<br>-Извештај од реализирани екскурзии;<br>-Педагошка евиденција и документација;<br>-Дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари;<br>-Интервјуа/анкети со наставници, родители/старатели, ученици и стручните соработници за воннаставни активности;<br>-Записници од стручни активи и ученичка заедница;<br>-Список на ученици вклучени во воннаставни активности;<br>-Увид во интернет-страницата, во весниците, програмата на радиото, социјалните мрежи итн.;<br>-Акциски план за правата на детето. | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Училиштето во Годишната програма за работа  планира различни видови на воннаставни активности кои се реализираат во текот на учебната година според планирана временска рамка. Планот за воннаставните активности содржи голем избор на активности како и различни форми за вклучување на учениците со цел поддршка на нивниот личен и социјален развој( екскурзии, излети, секциите, клубови, проектни активости, еко акции, хуманитарни акции, активности поврзани со меѓуетничка интеграција, активности за демократско учество на учеиците преку ученички парламент, ученичките натпревари и сл.)<br>Анкетираните <u>наставници</u> во најголем дел или  92,3% се изјаснија позитивно на прашањето„***Ги информирам учениците и родителите за воннаставните активности што ги нуди училиштето и можностите за нивно активно учество( секции, натпревари, екскурзии, саеми, фестивали, базари и сл.)“***<br>Анкетираните <u>родители</u> во најголем дел( 85, 1%) сметаат дека ***„Училиштето нуди  избор на разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците,***<br>Од 65 анкетирани <u>ученици</u> 50 или 76,9% се изјаснија позитивно по прашањето  ***„Во училиштето имам избор на различни воннаставни активности (на пр. клубови, проекти, акции)“.*** Делумно се согласуваат 14 или 21,5%, а 1 ученик  или 1,5% не се согласува.<br>Соработката со НВО овозможува реализација на бројни проекти активности и вонанстави активности во кои се вклучени наставници, ученици и родители. Како најзначајни проекти со кои се подобрија условите за работа во училиштето се:<br>-Проект„Квалитетно образоваие за сите“ -во кој во период 0д 2023-2025 се реализираа бројни акативности и работилници за детски права, демократска партиципација на учениците,а училишниот правобранител учествуваше на работилица во стуга со учеици од 25 проекти училишта во Македонија<br>- Проект со НВО „Macedonia Schools Project“ – неколку години station наназад со донации се опремени училници во одделенска и предметна настава со |

| | | |
|---|---|---|
| | | аудиовизуелни средства, наставни помагала, училишен мебел во висина од неколку илјади долари(пр: интерактивен панел 65" за кабинетот по информатика, 3 Смарт ТВ 50", два во одделенска настава и еден во кабинетиот по математика, клима уреди, столчиња и клупи за кабинет по биологија и математика и сл.);<br>-Соработката со шведска НВО „Hand till Hand”- проект со вклученост на ученици и родители од V-2 и V-3 одд, а оваа година со ученици од II- 1 и II-3 -се реализираат активности од Проектот-„Родителски работилници за ученичка добросостојба“ ;<br>-Соработка со НВО ЕДУ-АКТИВ ПЛУС- Битола Проект„Одржлив развој и заштита на животната средина“. Учениците од IX одделение при ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ -Битола беа ангажирани во волонтерски активности ( посета на Национален Парк-Пелистер);<br>- Континуирана соработката со хуманитарната организација Проект „Среќа“ – обезбедување на бесплатни оброци на ученици од ранливи категории<br>- “Фандреизинг настан” во рамките на проектот “Отворете ги прозорците” во соработка со фондацијата Песталоци на плоштад Магнолија -набавени се 2 смарт табли за одделенска настава<br>- Новогодишен панаѓур со активна вклученост на ученици и родители во негова организација и реализација<br>- Фандрејзинг настан ‘’ Фестивал на цвеќе и храна”во рамките на проектот “Отворете ги прозорците” во соработка со фондацијата Песталоци<br>Учениците се вклучуваат во проекти активности иницирани од училиштето, општината, здруженија, меѓународни организиации( Еразмус, Етвиниг,Codeweek и сл.)на кои учествуваат како поединци или цели одделенија и се стекнуваат со пофалници, благодарници и сертификати за учество. |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | Најголем број од учениците се вклучени во една и повеќе воннаставни активности за поддршка на личниот и социјалниот развој без оглед на нивниот пол, етничка припадност, нивните можности и способности. Сите ученици се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Анкетираните наставници во најголем процент или 98,4% се изјаснија позитивно на прашањето„***Во вонаставните активности ги вклучувам сите ученици без оглед на нивната полова, етничка или национална припадност“*** со што им се дава еднаква можност на сите.<br>Од посебна важност беше реализиацијата на активностите кои произлегоа од Планот за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација со што поголема група на учеици од 7 и 8 одделение, од различна националност и пол беа вклучени во спортски активности(куглање, кик бокс, фудбал, кошарка, ракомет), а некои од нив се вклучија и во спортските локални екипи. |
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во вонаставните активности | Во училиштето се реализираат дел од вонаставните активности предложени од ученици.<br>Од анкетирани 65 ученици, 48 ученици или 73,8% се искажаа дека ***„Наставниците ме вклучуваат во подготвувањето и планирањето на вонаставните активности.“,*** делумно се согласуваат 15 ученици или 23,1%, а два ученика или 3,1 % не се согласуваат.<br>***„Моето дете се вклучува во вонаставните активности, според сопствените интереси“*** се искажале потврдно 58 родители или 86,6% , делумно се согласуват 8 родители или 11,9% и не се согласува 1 родител или 1,5% .<br>Родителите во висок процент(89,6%) се изјасниле дека тие се вклучуваат во реализација на вонаставните активности секогаш кога тоа од нив е побарано што покажува дека родителите имаат интерес за вклучување во вонаставните активности.<br>На прашањето од фокус групата за родители<br>***Колку училиштето ве вклучува / ве поттикнува да се вклучите во активностите кои ги спроведува?***<br>***Во какви активности сте биле вклучени и кои биле ефектите?***<br>Родителите како позитивни примери ги истакнаа новогодишните работилици во одделенска настава, новогодишен базар, спортски натпревари помеѓу ученици, родители и наставници, а посебно им се допадна и фокус групата па побараа барем една мечесно да се |

| | | |
|---|---|---|
| | | оргнаизираат средби на различни теми, но со присуство на локалната заедница, особено поврзно со темата- реоницазија.<br>Учениците заедно со наставниците најчесто заеднички ги планираат вонаставните активности што секако придонесува за поголем интерес за вклучување на учениците во воннаставните активности |
| | Натпревари | Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.<br>Како најситакнати резутати ги посочуваме државните награди на натпреварите по англиски јазик и биологија во 8 одделение.<br>Нашите ученици учествуваат и постигнуваат значајни резултати на сите спортски натпревари од индивидуален спорт- есенки крос, ноќна трка до колективни спортови.<br>Учениците се вклучуваат и во натпревари според сопствен избор и желба.<br>Наставниците ги насочуваат, поттикнуваат и подготвуваат учениците за натпревари.<br>За сите воннаставни активности и постигнати резултати јавноста се запознава преку објави на веб страната на училиштето и преку официјалната ФБ страна. |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

**Опис/резиме на подрачјето**

Во училиштето е воспоставен систем за континуирана поддршка на наставниците, со јасна координација помеѓу директорот, стручната служба и наставниот кадар. Секој наставник има електронско професионално портфолио, што овозможува транспарентност и полесно следење на планирањата. Планирањето се реализира преку редовни состаноци на стручни активи и одделенски совети, со висока вклученост на наставниците и размена на искуства.
Наставата се одвива согласно програмските документи на МОН и БРО, со примена на новата Концепција за основно образование, интеграција на меѓупредметни теми, ИКТ и инклузивен пристап. Наставниците применуваат разновидни методи – проектна работа, истражувачки активности, игра и дигитални алатки, а за учениците со ПОП се изработуваат и спроведуваат ИОП во координација со инклузивниот тим на училиштето.
Наставниците планираат личен и професионален развој, вонннаставни активности и соработка со родители. Наставниот процес се одвива непречено, а при отсуство на наставници часовите ги реализираат заменици со соодветна стручност. Анкетите со родители потврдуваат дека наставата се одвива редовно и целосно.

Слободните изборни активности и предмети се организираат според Водичот за СИП, а учениците ги избираат предметите според своите интереси. Поголемиот дел од наставниците, родителите и учениците сметаат дека училиштето нуди доволно изборни можности и дека наставата се прилагодува на индивидуалните потреби на учениците.

Во училиштето функционира Центар за поддршка на учениците со ПОП, во кој работат специјални едукатори и рехабилитатори. Образовни асистенти се ангажирани во неколку паралелки. Поголемиот дел од наставниците имаат или делумно имаат искуство во изработка на ИОП. Соработката меѓу наставниците, учениците и родителите е висока, што овозможува доверба и квалитетна интеракција. Наставниците редовно ги пофалуваат учениците и даваат насоки за напредок.

Училиштето активно спроведува МИО активности и проекти со мултикултурен карактер – заеднички работилници, спортски настани и одбележувања на празници, со цел промовирање соживот и толеранција. Иако се забележува успешна имплементација на инклузивни и мултикултурни практики, родителите изразуваат загриженост поради непочитување на реонизацијата, што доведува до етничка сегрегација во запишувањето на учениците.

Се забележува ниска мотивација кај дел од учениците, често поврзана со ограничена вклученост на родителите и социјално-економски фактори, како и појава на етничка нерамнотежа поради непочитување на реонизацијата. Средниот училишен успех изнесува 2,75, што укажува на потреба од дополнителни мотивациски и поддржувачки мерки.
Родителите изразуваат доверба во наставниците и нивниот правичен однос кон сите ученици. Поголем дел од родителите (80,6%) се согласуваат дека училиштето е безбедна и мотивирачка средина, а учениците потврдуваат дека наставниците редовно ги известуваат за

нивните постигања и им даваат насоки за подобрување. Речиси сите ученици чувствуваат слобода да прашуваат на часовите и да размислуваат критички.

Родителите позитивно го оценуваат Отворениот ден на училиштето, кој овозможува директна комуникација со наставниците и увид во постигнувањата на нивните деца. Повеќе од 88% од родителите активно разговараат со наставниците за успехот на децата, а 91% потврдуваат дека наставниците ги пофалуваат и насочуваат учениците.

Наставниците ги користат добиените податоци од оценувањето за подобрување на наставното планирање и обезбедување индивидуализиран пристап. Во посебните паралелки и Центарот за поддршка, специјалните едукатори применуваат дијагностички тестови и формативни проверки со цел поттикнување на напредокот според индивидуалните можности.

Во училиштето активно се реализираат бројни воннаставни, мултикултурни и проектни активности (Еразмус, Етвининг, Codeweek), со вклученост на наставници, ученици и родители. Организирани се натпревари, базари и хуманитарни акции, кои го поттикнуваат соживотот, ученичкото учество и толеранцијата. Соработката со невладини организации овозможува подобрување на наставниот процес и училиштната инфраструктура.
Учениците активно учествуваат во проекти иницирани од училиштето, општината и меѓународни програми (Еразмус, Етвининг, Codeweek), а голем број од нив се ангажирани во повеќе активности без разлика на пол, етничка припадност или способности. Наставниците (98,4%) потврдуваат дека обезбедуваат еднакви можности за сите ученици.

Посебно се издвојуваат активностите за промоција на добросостојба и заштита од насилство и дискриминација, преку кои учениците се вклучени во спортски и тимски активности. Учениците се дел и од планирањето на активностите (73,8%), што ја зголемува нивната мотивација и ангажираност.

Родителите активно се вклучуваат во организација на базари, натпревари и работилници (89,6%), а особено ги истакнуваат позитивните ефекти од заедничките активности со наставниците и локалната заедница. Учениците постигнуваат забележителни резултати на натпревари од различни области, меѓу кои државни награди по англиски јазик и биологија и успеси во спортски дисциплини.

Сите активности и резултати редовно се промовираат преку веб и Фејсбук страната на училиштето, со што се поттикнува транспарентност и јавна видливост на постигнувањата.

**Силни страни**

- Воспоставен систем за континуирана поддршка и следење на планирањата на наставниците, со јасна координација помеѓу директорот, стручната служба и наставниот кадар.
- Електронско професионално портфолио за секој наставник, што овозможува транспарентност, ажурност и ефикасна контрола.
- Високо ниво на соработка и комуникација меѓу наставниците, родителите и учениците (доверба, редовна размена на информации, вклученост во активности).
- Наставата се реализира согласно програмските документи на МОН и БРО, со интегрирани меѓупредметни теми, ИКТ содржини и инклузивен пристап.
- Активно функционира Центар за поддршка на ученици со ПОП и добро развиен инклузивен тим со ангажирани специјални едукатори и асистенти.
- Наставниците применуваат разновидни методи и стратегии за индивидуализиран пристап и формативно оценување.
- Учениците се охрабрени да прашуваат, размислуваат критички и даваат сопствен придонес во активностите.
- Реализирани се МИО и мултикултурни активности кои промовираат соживот, толеранција и меѓуетничка интеграција.
- Училиштето активно учествува во домашни и меѓународни проекти (Еразмус, Етвининг, Codeweek и др.), со висока вклученост на ученици и наставници.
- Родителите активно учествуваат во училиштниот живот преку базари, натпревари, работилници и советодавна поддршка.
- Воннаставните активности се разновидни, достапни и усогласени со интересите на учениците.
- Наставниците покажуваат висок степен на професионализам, позитивен однос и поддржувачка атмосфера за учење.

**Слаби страни**

- Дел од учениците имаат ниска мотивација за учење, најчесто поради слаб ангажман и ограничени можности на родителите (социјално-економски фактори).
- Се бележи поголем број изостаноци, што негативно влијае врз средниот училишен успех (2,75).
- Постојат случаи на непочитување на реонизацијата при запишување, што резултира со етничка нерамномерност во одделенијата.
- Недоволна проценка на дел од учениците според МКФ, што го отежнува креирањето соодветни ИОП.
- Потребна е посистематска поддршка за наставниците со помало искуство при подготовка и спроведување на ИОП.
- Дел од родителите и учениците сметаат дека треба дополнително збогатување на изборните и воннаставните активности.
- Неопходно е континуирано зајакнување на мотивацијата кај учениците преку нови стратегии и современи наставни пристапи.

**Приоритети**

**1. Поддршка и мотивација на учениците**

- Развивање стратегии и активности за **зголемување на мотивацијата за учење**.
- Намалување на бројот на **изостаноци** преку соработка со родители и стручната служба.
- Воведување современи, интерактивни методи на настава за поттикнување **активно учество и критичко размислување**.

**2. Подобрување на инклузивноста**

- Систематска **проценка на учениците според МКФ** за подобро планирање на индивидуални образовни планови (ИОП).
- Континуирана **поддршка и менторство за наставници со помало искуство** во изработка и реализација на ИОП.
- Унапредување на работата на **Центарот за поддршка на ученици со ПОП** преку нови ресурси и обуки.

**3. Рамномерна застапеност и меѓуетничка интеграција**

- Почитување на **реонизацијата при запишување** на ученици за да се обезбеди етничка рамнотежа.
- Продолжување и проширување на **МИО и мултикултурни активности** за промовирање соживот и толеранција.

**4. Развој на наставниот кадар**

- Продолжување со **континуирана поддршка, менторство и професионален развој** на наставниците.
- Поддршка во користење на **ИКТ, иновативни методи и формативно оценување**.
- Унапредување и користење на **електронското професионално портфолио** како алатка за следење и самоевалуација.

**5. Подобрување на комуникацијата и вклученоста на родителите**

- Поттикнување на **поголема родителска вклученост** преку заеднички активности и советодавни програми.
- Развивање систем за **редовна и двонасочна комуникација** помеѓу училиштето и семејствата со понизок ангажман.

**6. Збогатување на наставните и воннаставните активности**

- Развивање **нови изборни предмети и клубови** според интересите на учениците.
- Поголема вклученост во **домашни и меѓународни проекти** за размена искуства и развој на ученички компетенции.

## Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

### ПОДРАЧЈЕ 1. ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ

### АНКЕТА ЗА РОДИТЕЛИ

I/1. Во текот на учебната година, моето дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот.

67 responses




I/2. Училиштето нуди слободни изборни предмети за нашите деца во одделенска и предметна настава кои се прилагодени на нивните потреби и интереси.

67 responses




I/3. Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете.

67 responses




I/4. Училиштето го чувствувам како безбедна и мотивирачка средина за моето дете.

67 responses




I /5. Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигнувањата на моето дете на училиште според критериумите за оценување по нивниот предмет.

67 responses




I /6 . Наставниците го пофалуваат моето дете за вложениот труд и постигнатите резултати.

67 responses



I /7. Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи.

67 responses




I/8. Училиштето нуди избор на различни воннаставните активности ( секции, натпревари, екскурзии, саеми, фестивали, базари и сл.)

67 responses




I/9 .Моето дете се вклучува во воннаставните активности, според сопствените интереси.

67 responses




I/10 .Се вклучувам во воннаставните активности на училиштето секогаш кога тоа е побарано од мене како родител.

67 responses



## ПОДРАЧЈЕ 1. ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ

## АНКЕТА ЗА НАСТАВНИЦИ

I/1. Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати годишно.

65 responses




I/2.Во рамките на стручните активи разменуваме искуства за планирање на реализација на наставните програми согласно програмата за работа на активот.

64 responses




I/3. Активностите на часовите ги приспособувам според стандардите за оценување на индивидуалните образовни потреби на учениците.

65 responses




I/4. Имам искуство во изработка на ИОП за ученици со потешкотии во учењето согласно препораките и проценката на стручното тело при МКФ

65 responses




I /5 Реализирам МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план

65 responses




I /6. Во наставата користам различни техники, форми и методи на работа кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми со интеракција меѓу учениците

65 responses




I /7. Редовно ги пофалувам учениците за вложениот труд и постигнатите резултати

65 responses




I /8. На учениците им кажувам што добро научиле, а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања

65 responses



I/9 Училиштето нуди слободни изборни предмети од различни категории во одделенска и предметна настава прилагодени на потребите и интересите на учениците.

65 responses




I/10 Применувам различни начини на оценување на учениците и ги поттикнувам на самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.

65 responses




I/11 . Ги информирам учениците и родителите за воннаставните активности што ги нуди училиштето и можностите за нивно активно учество( секции, натпревари, екскурзии, саеми, фестивали, базари и сл.)

65 responses




Copy chart

I/12 .Во воннаставните активности ги вклучувам сите ученици без оглед на нивната полова, етничка или национална припадност.

64 responses



# АНКЕТА ЗА УЧЕНИЦИ

I/1. На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување, набљудување и сл.)

65 responses




I/2. Сам/а ги имам избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам, според моите интереси.

65 responses




I/3. На најголем број од часовите, сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме прашања, дискутираме, работиме во групи, парови).

65 responses




I/4. Наставниците однапред ни ги објаснуваат критериумите за секоја оцена и праведно не оценуваат.

65 responses




I/5. Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни листови, квизови и сл.).

65 responses




I/6. Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување.

65 responses




I/7. Ако не знам нешто на часовите, можам слободно да ги прашам наставниците.

65 responses




I/8. Училиштето ми нуди избор на различни воннаставни активности (на пр. секции, клубови, проекти, акции, работилници и сл.)

65 responses




I/9. Наставниците ме вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности.
65 responses
се согласувам
делумно се согласувам
не се согласувам
23.1%
73.8%


I/10. Сум бил/а вклучен/а во активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште).
65 responses
се согласувам
делумно се согласувам
не се согласувам
12.3%
80%

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **2.1 Постигања на учениците**<br>**2.2 Мерки за подобрување на постигањата** |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Е-дневник;<br>записници од родителски состаноци;<br>анализи на постигања по различни критериуми и квалификациски периоди и акциски план за подобрување;<br>анализи на резултати од екстерни тестирања;<br>анкети со ученици, наставници, родители;<br>интервјуа со стручни соработници, директор. | Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | Училиштето систематски ја следи успешноста на учениците според **пол, јазик на наставата, наставни предмети и квалификациски периоди** преку е-дневник, родителски состаноци, екстерни тестирања и анализа на резултатите. Анкетите покажуваат високо ниво на информираност и задоволство:<br>**93,8% од учениците** сметаат дека нивните родители се постојано информирани за напредокот (II/1 – ученици).<br>**94% од родителите** се согласуваат дека се редовно известувани за редовноста во наставата (II/3 – родители).<br>**82,1% од родителите** сметаат дека училиштето организира дополнителна и додатна настава за подобрување на резултатите (II/2 – родители).<br>**73,8% од учениците** се согласуваат дека наставниците организираат дополнителна настава ако не можат да го совладаат материјалот (II/3 – ученици).<br>Резултатите од анкетите укажуваат на добро воспоставена **комуникација со родителите**, континуирана **поддршка од наставниците** и **достапност на дополнителна настава**. Сепак, се забележува потреба од:<br>подетална анализа на постигнувањата по предмети и периоди,<br>засилена поддршка за надарените ученици и учениците со потешкотии,<br>и поголема достапност на материјални ресурси за реализација на наставата.<br>Вкупно, училиштето обезбедува **инклузивен и индивидуализиран пристап кон учењето**, со јасен систем на следење на постигнувањата, но постои простор за унапредување на аналитичките практики и дополнителните активности. |

| | | |
|---|---|---|
| | Резултати од екстерни тестирања | Резултатите од екстерните тестирања се користат како важен показател за успешноста на учениците и квалитетот на наставата. Тие овозможуваат споредба со националните стандарди и идентификување области каде е потребно унапредување.<br>Во училиштето, екстерните тестирања се редовно анализираат по **предмети, квалификациски периоди, пол и јазик на наставата**, овозможувајќи целен пристап кон поддршката на учениците. Резултатите се користат за:<br>развивање **акциски планови за подобрување на резултатите**,<br>идентификување на **ученици со тешкотии во учењето** и развој на индивидуализирани стратегии,<br>поддршка на **надарени ученици** преку дополнителни активности,<br>известување на родителите за успехот на учениците.<br>Анкетите со учениците и родителите покажуваат дека:<br>**73,8% од учениците** сметаат дека наставниците им организираат дополнителна настава доколку не можат да го совладаат материјалот,<br>**82,1% од родителите** се согласуваат дека училиштето нуди дополнителна и додатна настава за подобрување на резултатите.<br>Овие податоци покажуваат дека училиштето ги користи резултатите од екстерните тестирања за **конкретни интервенции и подобрување на ученичкиот успех**, но постои простор за **повеќе систематска анализа и следење на долгогодишни трендови**. |
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост<br>Известување на родителите/старателите за постигнувањата на учениците | Училиштето систематски идентификува и поддржува ученици со различни потреби:<br>Ученици со тешкотии во учењето – се нудат индивидуализирани стратегии, дополнителни часови и различни наставни методи за совладување на материјалот.<br>Надарени ученици – имаат можност за дополнителни часови и активности за продлабочување на знаењето над стандардната наставна програма.<br>Ученици со попреченост – училиштето обезбедува пристап до Центарот за поддршка и користење на неговите услуги, со цел инклузивно и активно учество во наставата.<br>Анкетите покажуваат висок степен на задоволство и информираност:<br>86,6% од родителите се согласуваат дека училиштето организира советување и поддршка за учениците со нередовна посета на наставата (II/4 – родители). |

| | | |
|---|---|---|
| | | 73,8% од учениците сметаат дека наставниците им помагаат доколку не можат да го совладаат материјалот (II/3 – ученици).<br>Родителите се редовно информирани за напредокот на учениците, што овозможува активна соработка и координација со семејството. Училиштето активно работи на инклузивност, индивидуален пристап и рано препознавање на потребите на учениците, но постои простор за уште поголема поддршка на надарените ученици и учениците со специфични потешкотии. |
| **Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Записници од советувања на родители/старатели и ученици;<br><br>Извештаи од одделенските совети од педагошко-психолошката служба<br><br>Прегледани извештаи од тековна година<br><br>распоред и списоци за дополнителна и додатна настава;<br>Е-дневник;<br>извештаи за соработка со различни чинители за подобрување на постигањата. | Редовност во наставата | Редовноста на учениците систематски се следи во училиштето од страна на одделенските раководители и стручната служба. За учениците кои не се појавуваат на настава последователно 30 дена се испраќаат покани за советување и се информира ДПИ со цел да се превземаат соодветни мерки.<br>Одделенските раководители во соработка со стручната служба на училиштето по потреба ги повикува на индивидуален разговор родителите кои поради оправдани или не оправдани причини нивното дете подолго отсуствуваат од училиште, со цел нивно информирање и преземање на соодветни чекори за подобрување на редовноста.<br>Од интервјуто со педагошко-психолошката служба добиени се овие инфомации:<br>Во училиштето има голем број на неоправдани изостаноци кои произлегуваата од т.н„осипани ученици“, а тоа се ученици кои воопшто не даѓаат на училиште, се со надмината возраст или ученици кои се заминати во странство, но во училиштето немаат доставено такви податоци.<br>Повторувањето на одредени групи ученици се должи поради нередовно посетување на настава. Овие ученици се од ромска популација и причините се од социјален аспект:<br>- традиционален менталитет на одбивност на Ромите кон образованието и неможност да се има увид во целокупната ромска популација;<br>- незаинтересираност на родителите за образованието на своите деца;<br>- злоупотреба на децата за “лесна” и несоодветна заработувачка за нивната возраст;<br>- препуштеност на самите себе, недоволна загриженост од страна на родителите. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Осипувањето на учениците претставува сериозен проблем во нашето училиште. Училиштето има разработен акционен план за намалување на осипаноста на учениците.<br>Работата на наставниците перманентно се следи преку посета на наставните часови,отворени денови за родителите за разговор со наставниците,конструтктивни разговори со наставниците, посета на часовите од страна на студенти од факултети со кои имаме меморанду соработка.<br>Од интервјуто со **<u>фокус групата со родители</u>** добиени се следните инфомации<br>- Учениццте со своите родители одат на сезонска работа заради егзистенционални потреби, или заминуваат во странство, а потоа се враќаат по 1, 2 години или пократок рок, а детето воопшто нема посетувано настава и има изгубено континуитет. Немање елементарни хигиенски услови за да го пуштат детето на училиште, немање соодветна облека и обувки.<br>Учениците кои нередовно посетуваат настава, согласно закон се неоценти, а според закон им се овозможува полагање на одделенски испити доколку го исполнат минимумот за редовно посетување настава.<br>Во училиштето има Постапка за регулирање на отсуство на ученик изготвена во согласност со Законот за основно образование.<br>93% од наставниците сметаат дека ***„Училиштето ја следи редовноста на учениците и преку соработка и советување со родителите и институциите превзема активности за намалувања на отсуствата***<br>И родителите во висок процент се искажаа дека ***„Континуирано сум информиран/а за редовноста во наставата на моето дете преку родителски и индивидуални средби“*** при што 94% или 63 родители се согласуваат, а делумно се согласуваат 4 родители или 6%. |
| | Советување родители/старатели и ученици | Советувањето на родителите се врши според Законот за основно образование и Програмата за советување на ученици и родители. Советувањето на родители/старатели и ученици е важен процес кој има за цел да го поддржи развојот на учениците, да го подобри нивното учење и емоционално здравје, како и да ја зајакне соработката меѓу семејството и училиштето.<br>Учениците и родителите се советуваат доколку: |

| | | |
|---|---|---|
| | | • ученикот има повеќе од три негативни оценки<br>• има повеќе од десет неоправдани или сто оправдани изостаноци<br>• акоучениците имаат несоодветно однесување<br>• намален успех во учењето<br>Во учебната 2023/2024 година со Програмата „Советување на родители“ се реализирани 143 советувања ( 1 полугодие 129 и 14 советувања во второ полугодие ). Со оваа Програма се опфаќаат родителите на учениците кои имаат 3 или повеќе недоволни оценки, ученици со повеќе од десет неоправдани изостаноци, како и ученици кои манифестираат несоодветно однесување.<br>Во учебната 2024/2025 година со Програмата „Советување на родители“ се реализирани 122 советувања ( 80 во прво полугодие и 42 во второ полугодие)<br>Од анкетирани 67 родители, 58 или 86,6% се согласуваат по ***прашањето „Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете“,а делумнос е согласуваат 9 родители или 13,4%***<br><br>58 или 86,6% од родителите се информирани дека***„ Училиштето организзра советување на родители од страна на психологот чии деца нередовно посетуваат настава“, делумно се согласуваат 6 родители или 9%,а не се информирани 3 родители или 4,5%*** |
| | Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Наставници користат различни методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигнувањата на учениците.<br>Освен на редовните часови, наставниците организираат дополнителна настава во текот на целата година по сите наставни предмети за учениците кои нередовно посетувата настава, имаат потешкотии во учењето или се ученици кои се со ПОП(изработка на ИОП).<br>За учениците од второ до петто одделение со поддршка на Ромактед програмата и општина Битола од септември 2023 до јуни 2024 година беше организирана туторска анастава за поддршка на учениците во наставата по македонски,англиски јазик и математика. Вклучени беа 75 ученици од ромска националност.<br>Училиштето, на месечно ниво, изработураспоред за додатна и дополнителна настава за предметна настава и го истакнува на видно место воучилиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Уште во месец септември секој наставник прави идентификација на ученици на кои им е потребна дополнителна настава. Со оглед на високиот процент на ученици на кои им е потребна дополнителна настава во одделенска настава најчесто сите ученици ја следат дополнителната настава во времето на задолжоителен престој по редовната настава,<br>Исто така голем дел од учениците посетуваат и продолжен престој за пишување на домашна работа.<br>Од анкетиниот прашалник се добиени овие искази:<br><br>84,26% од наставниците сметаат дека ***„Училиштето во текот на целата година по сите наставни предмети организира дополнителна и додатана настава за континуирано подобрување на постигањата“, а делумнос е согласуваат 12,8%.*** од родителите<br><br>82,1% или 55 родители се согласуваат дека ***„Училиштето организира дополнителна и додатна настава за постигање на подбри резеултати во учење на моето дете.“, 10 родители или 14,9% делумно се согласуваат и 3 родители или3 % не се согласуваат.***<br>На прашањето „***Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште“.***93,8% или 61 ученик потврдно се искажаа, делумно се согласуваат**3 ученика или 4,6%**и не се согласуваа **1 ученик или 1,5%**<br>***„Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех***“ . 93,8% или 61 ученик потврдно се искажаа, делумно се согласуваат 4 ученика или 6,2%<br>***„Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава“*** се согласуваат**48 ученици или 73,8%,** делумно се согласуваат **12 ученици или 18,5%** и не се согласуваат **5 ученици или 7,7%**<br>***„Доколку не можам да го совладам материјалот, наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини(различни форми и методи на работа)“ -*** се согласуваат **56 ученици или 86,2%,** делумно се согласуваат **8 ученици или 12,3% и не се согласува 1 ученик или 1,5%**<br>***„Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат додатни часови. -*** се согласувам **41 ученик или 63,1%,** делумно се согласуват **18 ученици или 27,7%**<br>и не се согласуваат **6 ученици или 9,2%** |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Училиштето систематски ја следи успешноста и редовноста на учениците преку е-дневник, екстерни тестирања, анкетирање и редовна соработка со родителите. Податоците покажуваат висок степен на информираност и задоволство кај учениците, родителите и наставниците. Резултатите од екстерните тестирања се користат за анализа на постигањата, изработка на акциски планови и развој на индивидуализирани стратегии за учениците со тешкотии, како и за поддршка на надарените ученици.<br><br>Наставниците континуирано организираат дополнителна и додатна настава за подобрување на резултатите, со високо ниво на вклученост и поддршка од родителите. Примената на различни наставни методи и индивидуален пристап овозможува подобра прилагоденост на наставата кон потребите на учениците.<br><br>Редовноста на учениците внимателно се следи од страна на одделенските раководители и стручната служба. Со учениците кои подолго отсуствуваат и нивните родители се спроведува советување, во согласност со Законот за основно образование и Програмата за советување на родители. Постојат изработени процедури и акционен план за намалување на осипаноста, особено кај учениците од ранливи категории.<br><br>Анкетите покажуваат дека над 90% од родителите и наставниците сметаат дека училиштето активно ја следи редовноста и информира за отсуствата. Советувањата и индивидуалните средби придонесуваат за подобра соработка меѓу училиштето и семејството.<br><br>Дополнително, училиштето реализира програми за поддршка на учениците од ромска популација преку туторска настава, како и континуирана анализа на постигнувањата по предмети и периоди. Иако е воспоставен ефективен систем за следење и поддршка, се укажува на потреба од уште подетална анализа на резултатите, зголемена поддршка на надарените ученици и подобрување на материјалните услови за настава. |
|---|
| **Силни страни**<br><br>• Систематско следење на редовноста на учениците од страна на одделенските раководители и стручната служба.<br>• Воспоставена процедура и постапка за регулирање на изостаноци во согласност со Законот за основно образование.<br>• Активна соработка со родителите преку советувања, индивидуални и групни средби.<br>• Висок процент на информираност кај родителите за редовноста и напредокот на нивните деца (над 90%).<br>• Организирање на дополнителна и додатна настава по сите наставни предмети за подобрување на постигнувањата.<br>• Реализирани програми за поддршка на ученици од ранливи категории (туторска настава преку Ромактед програмата).<br>• Наставниците применуваат различни методи, техники и стратегии за индивидуализиран пристап во наставата.<br>• Развиена програма за советување на ученици и родители со голем број реализирани активности. |

- Добра вклученост на учениците и родителите во процесот на следење на постигнувањата и редовноста

## Слаби страни / Области за унапредување

- Голем број неоправдани изостаноци поради ученици кои се заминати во странство, без доставени податоци за нивниот статус.
- Повторување на одредени групи ученици како последица на нередовно посетување на настава.
- Проблем со осипување на учениците, особено кај ромската популација, поради социјални и економски причини.
- Недоволна соработка со одредени родители поради ниска мотивација и социо-економски бариери.
- Ограничени можности за континуирана контрола и поддршка на ученици кои се на сезонска работа или надвор од земјата.
- Недостаток на елементарни хигиенски и материјални услови кај дел од семејствата што влијае на редовноста.
- Потреба од дополнително зајакнување на анализа на резултатите од тестирањата и мерките за индивидуализирана поддршка.

**Приоритети**

- **Намалување на осипаноста и нередовноста на учениците**
  - Продолжување на имплементацијата на акциониот план за редовност.
  - Подобра координација со институциите (ЦСР, ДПИ, општина) за учениците кои се во ризик од напуштање на училиштето.
- **Зајакнување на соработката со родителите и семејствата од социјално ранливи категории**
  - Зголемување на бројот на индивидуални и групни советувања.
  - Вклучување на медијатори и асистенти за полесна комуникација со ромската популација.
- **Континуирана поддршка на учениците со потешкотии во учењето и надарените ученици**
  - Унапредување на програмите за дополнителна и додатна настава.
  - Воведување на менторски систем за следење на напредокот.
- **Подобрување на системот за евиденција и анализа на редовноста**
  - Ажурно водење на евиденција за учениците кои се отсутни подолго време.
  - Воведување на електронски извештаи и периодични анализи по паралелки.
- **Подобрување на материјалните и хигиенските услови за учениците во соработка со локалната заедница**

- Организирање хуманитарни и донаторски акции за обезбедување облека, обувки и училишен прибор.
- Партнерство со општината и здруженија за создавање подобра социјална поддршка.

- **Јакнење на професионалниот развој на наставниците во областа на инклузивно и социо-емоционално учење**

- Обуки за работа со ученици со ниска мотивација и нарушен континуитет во учење.
- Споделување добри практики и интерна поддршка во колективот.

## Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

## ПОДРАЧЈЕ 2: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

### АНКЕТА ЗА РОДИТЕЛИ













## ПОДРАЧЈЕ 2: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

### АНКЕТА ЗА НАСТАВНИЦИ





















## ПОДРАЧЈЕ 2: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

### АНКЕТА ЗА УЧЕНИЦИ







II/3. Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава.
55 responses
се согласувам
делумно се согласувам
не се согласувам
21.8%
9.1%
69.1%


II/4. Доколку не можам да го совладам материјалот, наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини(различни форми и методи на работа).
55 responses
се согласувам
делумно се согласувам
не се согласувам
14.5%
83.6%


II/5. Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат додатни часови.
55 responses
се согласувам
делумно се согласувам
не се согласувам
30.9%
10.9%
58.2%

**Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации**

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

## АНКЕТА ЗА РОДИТЕЛИ

## ПОДРАЧЈЕ 3:УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО




































## ПОДРАЧЈЕ 3:УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО

## АНКЕТА ЗА НАСТАВНИЦИ







III/ 3. Во училиштето има добра училишна клима и соработка помеѓу вработените
Copy chart
65 responses
се согласувам
делумно се согласувам
не се согласувам
9.2%
86.2%


III/ 4. Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите
Copy chart
65 responses
се согласувам
делумно се согласувам
не се согласувам
90.8%


III/ 5. Училишниот парламент работи на транспарентен и демократски начин
Copy chart
65 responses
се согласувам
делумно се согласувам
не се согласувам
18.5%
81.5%


III/.6. Постои добра соработка со родители
Copy chart
65 responses
се согласувам
делумно се согласувам
не се согласувам
47.7%
46.2%


III/ 7. Учествувам во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата
Copy chart
65 responses
се согласувам
делумно се согласувам
не се согласувам
26.2%
73.8%


III/ 8. Во текот на наставата се обработуваат теми за превенции од насилство
Copy chart
65 responses
се согласувам
делумно се согласувам
не се согласувам
95.4%


III/.9. Во училиштето се реализираат содржини и советувања за заштита од алкохол, пушење и дрога
Copy chart
65 responses
се согласувам
делумно се согласувам
не се согласувам
96.9%


III/.10. Училиштето ги поттикнува учениците да се грижат за своето здравје преку предавања, работилници и кампањи за здрава храна и здрав живот на младите.
Copy chart
65 responses
се согласувам
делумно се согласувам
не се согласувам
95.4%

Copy chart

III/ 11. Задоволен/на сум од хигиената во училиштето.

65 responses




Copy chart

III/ 12. Вработените се ангажирани околу однесувањето и безбедноста на учениците при нивното доаѓање, за време на одморите и при нивното заминување одучилиште

65 responses




Copy chart

III/ 13. Од страна на училиштето се обезбедува поддршка за учениците кои имаат емоционални потешкотии

65 responses




Copy chart

III/ 14 Училиштето води грижа и се прилагодува на потребите на учениците со здравствени болести

65 responses




Copy chart

III/ 15. Училиштето помага во професионалната ориентација на учениците преку спроведување на анкети и презентации од средни училишта

65 responses




## ПОДРАЧЈЕ 3:УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

## АНКЕТА ЗА УЧЕНИЦИ

III/1. Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитувме.

65 responses




III/2. Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето. ( педагошки мерки за учениците кои ја нарушуваат атмосферата во училиштето).

65 responses



III/3. Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презенттирање, одговарање), како и другите ученици.

65 responses




III/4. Кога имам потреба од помош, можам да се обратам на раководителот на паралелката или на друг наставник.

65 responses




III/5. Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици.

65 responses




III/6. Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците.

65 responses




III/7. Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето.

65 responses




III/8. Училиштето ги поттикнува учениците да се грижат за своето здравје преку предавања, работилници и кампањи за здрава храна и здрав живот на младите.

65 responses




III/9. Училиштето е чисто и уредно.

65 responses




III/10. Задоволен сум од одржување на хигиената во училишните тоалети.

65 responses




III/11. Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно.
65 responses
се согласувам
делумно се согласувам
не се согласувам
16.9%
81.5%


III/12. Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми.
65 responses
се согласувам
делумно се согласувам
не се согласувам
84.6%

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **3.1 Училишна клима**<br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br>**3.3 Партнерски однос со заедницата**<br>**3.4 Севкупна грижа за учениците** |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Кодекс на однесување;<br>анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработинции, родителите/старателите и со учениците;<br>- педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;<br>-статут на училиштето;<br>-куќен ред на училиштето;<br>- пофалби, награди, признанија и др.;<br>- написи за училиштето во национални и локални медиуми и на социјалните мрежи; | Углед/имиџ на училиштето | ООУ „Ѓорги Сугарев“ е централно училиште кое истакнува со квалитетната работа која е насочена кон остварување на поставените цели, визијата и мисијата со активно вклучување на сите субјекти. Училиштето има јасно дефинирана мисија и визија истакнати на видни места во училиштето. Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира постигања во многу области, а како доказ за тоа се и многубројните награди и признанија на локално и државно ниво Учениците од одделенска и предметна настава се активно вклучени во многубројните воннаставни активности, училишни секции и клубови. Сето ова редовно се промовира преку електронски социјални мрежи, училишна веб страна, електронски, ученички катчиња во училиште.<br>Угледот – имиџот се гради преку реализирање на квалитетна настава; организирање разновидни воннаставни активности, проекти и изложби, освојување многубројни награди на различни натпревари; промовирање на постигнувањата на учениците како и реализираните активности преку: ТВ медиуми, фб-страна, веб страна на училиштето и на Општината, социјалните мрежи, соработка со локалната средина и институциите, постери и брошури за упис на првачиња.<br>Facebook страна: https://www.facebook.com/profile.php?id=61569695279832<br>Web страна: https://gorgisugarev.wordpress.com/ |

| | | |
|---|---|---|
| - решение за формирање ученички парламент и избор на ученик правобранител; програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител; досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи). | Кодекс на однесување | **Кодекс на однесување**<br>Училиштето има кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури. Постои кодекс за однесување на наставници, кодекс за однесување на ученици и кодекс за однесување на родители и Куќен ред на училиштето кои се поставени на видно место во училиштето. Во училниците се истакнати Кодексите за однесување на ученици.<br>Кодексот на однесување е еден од битните елементи и клучен факор во нашето училиште во кој се содржани принципите, правилата и обврскитена однесување на сите структури во училиштето (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители). Во изработката на кодексот учество земаат сите структури. Куќниот ред е поставен на видни места во училиштето. Постои и Правилник за изрекување на педагошки мерки со кои се регулира поведението и изостанувањето на учениците. Со овој правилник се запознати учениците, наставниците и родителите<br>Анкетирани се 65 наставници кои на прашањето: ***“Училиштето има изготвено куќен ред и правилници за правилно однесување во училиштето/ кодекс на однесување”,*** 96.9% одговориле дека се согласуваат, а сосема мал процент одговориле со, делумно се согласувам и не се согласувам<br>“***Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување”:*** 78.5 % одговориле дека се согласуваат а 21.5% одговориле со делумно се согласуваат.<br>Анкетирани се 65 ученици кои на прашањето<br>***“Во одделението/ училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитувме”:*** 86,2% одговориле дека се согласуваат, а 9.2% одговориле со делумно се согласуваат и 4.6% не се согласуваат.<br>Анкетирани се 67 родители кои на прашањето “***Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето”*** 86,6% одговориле дека се согласуваат, а 9.2% одговориле со делумно се согасувам и 4.6% со не се согласувам. |
| | | Училиште со еднакви можности за сите ученици да стекнат знаења, способности, вештини и развивање на свест за правата и обврските, меѓусебно почитување, помагање и разбирање. Во училиштето постои |

| | | |
|---|---|---|
| | Училишна клима | професионална соработка меѓу вработените и поттикнувачка и мотивирачка атмосфера. Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојано поттикнувачката атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето.<br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br>Анкетирани се 65 наставници кои на прашањето<br>***„Во училиштето има добра училишна клима и соработка помеѓу вработените“,*** 86.2% одговориле се согласувам, 9.2% делумно се согласувам, 4% не се согласувам**.** |
| | Поведение и дисциплина во училиштето | Поведението и дисциплината во нашето училиште претставуваат најголем приоритет на целиот наставен колектив и раководството. Воглавно поведението и дисциплината на учениците во нашето училиште е на задоволително ниво. Поведението кај учениците се базира врз основа на изостаноци (оправдани и неоправдани) кои се бележат и евидентираат во дневниците, главните книги заведени од класните раководители. Изостаноците обично се прават поради: здравствени, семејни, социјални проблеми, индиферентност и одбивност на наставниот час, а поретко од страв од повторување, тестирање, писмени вежби итн. Со намалување на поведението се нарушува и дисциплината кај учениците изразена преку: довикување, недолично ученичко седење, дремливост, употребата на мобилни телефони за време на час итн. Сите овие горенаведени појави кај дел од учениците и паралелките во целина го нарушуваат поведението и дисциплината на часот било кај машки или женски ученици и ученици со различно етничко потекло.<br>Како мерки за подобрување на истите се следниве:<br>• задолжителна примена на правилникот за начинот на изрекување на педагошки мерки;<br>• активно вклучување на главните субјекти во училиштето: директор, педагог, одд. раководители, наставници и родители;<br>• чести телефонски јавувања и лични контакти на одд. раководители со родителите изразени понекогаш и преку домашни посети;<br>• испраќање на писма, препорачани известувања за големиот број |

| | | |
|---|---|---|
| | | изостаноци;<br>• задолжителни родителски средби, работни состаноци со претседателите на паралелките и органите на училиштето.<br>• постојани дежурства од наставници  со цел да се одржи редот и дисциплината за време на одморите во училиштето,<br>Како најголем проблем во однос на поведението се еден мал дел ученици кои нередовно ја посетуваат наставата или самоволно го напуштаат училиштето.Ова најчесто е застапено кај учениците од ромска припадност.Исто така постои и чест тренд на иселување/заминување во странство. Училиштето во врска со тоа превзема советодавна работа на раководителот на паралелката со овие ученици и нивните родители, советодавна работа на стручните соработници и директорот, активности на раководството на ученичката заедница на паралелката, вклучување на родителите во решавањето на таквите проблеми.<br>Анкетирани се 65 ученици кои на прашањето<br>***„Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето (педагошки мерки за учениците кои ја нарушуваат атмосферата во училиштето)“,*** 90.8% одговорилео се согласувам, 6.2% делумно се согласувам и 3.1%  не се согласуваат.<br>Анкетирани се 67 родители кои на прашањето<br>***“Училиштето добро се справува со дисциплината” 82.1% одговориле се согласувам“,*** 16.4%  делумно се согласувам и 1.5%  не се согласуваат. |
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Во нашето училиште функционираат и  Ученичките заедници преку чија работа учениците се навремено и целосно информирани за се што е од нивен интерес. Тие учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето на одлуки за прашања што се од непосреден интерес на учениците. Училиштето има формирано и ученички парламент. Парламентот го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Претседател и заменик претседател на ученички парламент се избрани со тајно гласање од вкупниот број од претставници на претседателите на заедниците на паралелките. Парламентот работи според програма за работа.<br>**Анкетирани се 65 наставници кои на прашањето *„Училишниот парламент работи на транспарентен и демократски начин“***, 81.5% одговриле со се согласувам, 18.5% со делумно се согласувам |

| Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Анкета и разговори со ученици, родителите/старателите, наставници, стручна служба; - - -извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права; записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (на пр. број на претставки и начин на разрешување); структура на паралелките; записници од работата на ТУИ- Тимот за училишна интеграција; дневник за работа на стручните соработници; оперативен план за наставен час; записници од наставнички совет; критериуми и процедури за избор на ученик на генерација. | Познавање и почитување на правата на децата | Училиштето се грижи за запознавање на учениците со нивните права како и со доследна заштта на истите. Тоа го потврдуваат извештаите од спроведените активности за запознавање со детските права, записниците од Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител. Според спроведените анкети меѓу родителите, учениците и наставниците јасно се гледа дека сите во голема мера го делат мислењето околу познавањето и почитувањето на правата на децата.<br>80% од родителите училиштето го чувствуваат како безбедна и мотивирачка средина за своето дете. 91% од родителите сметаат дека наставниците го пофалуваат и стимулираат нивното дете за вложениот труд.92,5 %дека нивното дете е прифатено и почитувано од соучениците, а 97% од наставниците.<br>Според мислењето на учениците 90,8% сметаат дека имаат еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици.87,7% од нив во училиштето се чувствуваат прифатено од другите ученици, 92,3% од наставниците.<br>87% од наставниците сметаат дека на сите ученици подеднакво им се дава поддршка при емоционални потешкотии. |
| | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи, кои во голема мера се спроведуваат на задоволство на сите чинители во образовниот процес. Тоа може да се види од записниците на стручните соработници, од записникот на ТУИ- Тимот за училишна интеграција, записниците од Наставничкиот совет, како и критериумите и процедурите за избор на ученик на генерација. Според спроведената анкета меѓу родителите, учениците и наставниците се добиени слениве показатели:<br>86,6% од родителите сметаат дека навремено се реагира при нееднаков третман на учениците. 85,1% дека училиштето се грижи за емотивната состојба на учениците. 84,6% од учениците сметаат дека наставниците ги разбираат нивните потреби и проблеми. 87% од наставниците сметаат дека училиштето се грижи за емотивната состојба на учениците. |

| Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен);<br>-записници од советот на родители и родителски средби; -анкети и интервјуа со директорот, родителите/старателите, наставниците и со стручните соработници;<br>-анкета/интервју со претставник на локалната заедница;<br>-статут на училиштето; -интернет-страница на училиштето;<br>-договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации/институции;<br>-извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница;<br>- документација за добиени спонзорства и донации. | Соработка на училиштето со родителите/старателите | Училиштето е отворено за родители секој ден. Училиштето ја прифаќаподдршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и во работата на училиштето<br>Соработка на училиште со родителите се реализира преку состаноци на Совет на родители, родители се вклучени во некои проекти што се спроведуваат во училиштето, родителски средби, индивидуални родителски средби, инклузивен училишен тим.<br>Врз основа на анкета спроведена во училиштето се добиени следниве резултати:<br>Анкетирани се 65 наставници кои на прашањет:<br>***„Постои добра соработка со родители“,*** 46.2.% одговриле со се согласувам, 47.7% со делумно се согласувам |
| | Соработка со општината и со урбаната заедница | Училиштето ги поттикнува учениците за нивен напредок и промовирање во различни области како на пример ликовни и литературни конкурси, еколошки хепенензи со цел подигнување на еколошката свест кај учениците, нивно активно учество во работилници и предавања за зголемување на безбедноста како учесници ( пешаци и велосипедисти )во сообраќајот.<br>Училиштето подеднакво ги поттикнува и учениците и наставниците за учество на натпревари, добивање награди од различни области од животот.<br>Училиштето организира и реализира посебни програми за одбележување на значајни датуми, јубилеи и учество на културни манифестации.<br>Нашето училиште има успешна соработка со локалната заедница се со цел да се создаде взаемна подршка и партнерство меѓу образовната институција и средината во која функционира, а таквата соработка придонесува за подобро воспитно-образовно влијание врз учениците.<br>Вработените ги поттикнуваат учениците да учествуаат на сите видови натпревари, конкурси, манифестации, приредби и слично со тоа што истите се пофалуваат и се поддржуваат. На истите постигнуваат високи резултати.<br>Учениците со високи постигања во текот на учебната година сепофалуваат на сите одржани Наставнички совети, пред родители, други ученици преку читање на соопштение. Училиштето ги промовира личните |

| | | |
|---|---|---|
| | | постигања на сите ученици и надвор од рамките на училиштето. Во училиштето јавно се пофалуваат учениците на Денот на училиштето, фејсбук профилот, веб страна, огласна табла во училиштето, како и прием на ученици од страна на директорот и наставничкиот колегиум кои постигнале врвни резултати од државно ниво со што се поттикнува наставниот кадар и учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и национално ниво.<br>Училиштето редовно организира приредби по повод Новогодишни и Божиќни празници, патронен празник на кој се поканувaат родители на наши ученици, граѓани од локалната средина, стопанственици и градоначалникот на општината и претставници од локалната самоуправа. На овие културни собири се истакнуваат постигнатите успеси на учениците и соодветно се наградуваат.<br>Анкетирани се 65 наставници кои на прашањето:<br>***„Учествувам во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата“*,** 73.8% одговориле со се согласувам, 26.2% со делумно се соглаувам |
| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Кодекс на однесување;<br>-куќен ред на училиштето; -набљудување на условите во училиштето;<br>-протокол за превенција и заштита од насилство;<br>-анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработиници, родителите/старателите и со учениците;<br>- педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;<br>-записници од советувања; | Превенција и заштита од насилство | Во училиштето посебно внимание се посветува на развивање на позитивна социо – економска клима преку реализација на програми поврзани со: структурата и климата во училницата, зголемување на социјалните компетенции, превенција на агресивното однесување, здравствена едукација, превенција од злоупотреба на психотропни супстанци, превенција на деликвентно однесување, подобрување на постигањето и успехот и унапредување на навиките на учениците, применувајќи нови методи на учење.<br>Училиштето има креиран Правилник за постапка за пријавување и заштита на ученик-жртва на било која од формите на насилство, злоуптреба, занемарување и дискриминација која е пропратена со посебни формулари за таа намена. Правилникот е усвоен на наставнички совет и одобрен за работа од училишниот одбор.<br>Училиштето има изготвено училишна политика и обучен тим на наставници од проектот за превенција од насилно однесување во |

| | | |
|---|---|---|
| извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен);<br>- записници од советот на родители и родителски средби; анкети и интервјуа со директорот, родителите/старателите, наставниците и со стручните соработници;<br>-педагошка евиденција и документација; организирани трибини, дебати, предавања со учениците, родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.;<br>-записници од спроведените активности за професионална ориентација. | | училиштата. Согласно правилникот за изрекување на педагошки мерки во училиштето се санкционира секаков вид на насилство. Училиштето има пишани процедури за регистрирање и отстранување на појава на негативно дејствување. Советодавна работа со учениците кои манифестираат различни облици на неприлагодено однесување, организира и реализира психологот според својата годишна програма. За педагошките мерки и постоењето и помошта од психолошко-педагошка служба учениците се информираат уште во почетокот на учебната година од одделенскиот раководител на одделенскиот час и родителите на родителска средба. За решавање на различни проблеми кај децата, училишната служба и одделенските раководители разговара и со родителите на децата кои покажуваат облици на неприлагодено однесување.<br>Покрај секојдневните активности за превенција и справување со насилство во училиштето на часовите на одделенската заедница се организираат работилници на кои учениците стекнуваат вештини за препознавање исправување со различни видови на насилство.<br>Анкетирани се 65 наставници кои на прашањето:<br>***„Во текот на наставата се обработуваат теми за превенции од насилство“***, 95.4% одговориле со се согласувам, 4.6% со делумно се согласувам.<br>Анкетирани се 65 ученици кои на прашањето<br>***„Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето“***, 87.7% одговориле со се согласувам, 7.7% со делумно се согласувам и 4.6% со не се согласувам<br>Анкетирани се 67 родители кои на прашањето:<br>***„Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти“***, 82.1% одговориме со се согласувам, 13.4% со делумно се согласувам и 4.5% со не се согласувам<br>***Училиштето добро се справува при појава на насилство***, **79.1%** одговориле со се согласувам, 16.4% делумно се согласувам и 4.5% со не се согласувам. |
| | | Со куќниот ред на училиштето се забранува пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање дрога во училиштето и училишниот двор. Училиштето има пишани процедури за регистрирање појава на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив. Во училишната |

| | | |
|---|---|---|
| | Заштита од пушење, алкохол и дрога | зграда, на видни места има истакнато знаци за забрана од пушење. Психолошка служба организира работилници со ученици а и преку програмата за животни вештини на класни часови се поттикннува свесноста кај учениците за штетноста на овие супстанци.<br>Се организираат и работилници и предавања за заштита на учениците од пушење алкохол и дрога од страна на СВР Битола.<br>Грижата за здравјето на учениците е застапено и преку програмата на предметот физичко и здравствено образование, во рамките на која покрај редовната настава се организираат натпревари меѓу учениците во неколку спортски дисциплини (мал фудбал, кошарка, атлетика, шах). Натпреварите се меѓу одделенски и меѓу училишни со училиштата од општината.<br>Анкетирани се 65 наставници кои на прашањето:<br>***„Во училиштето се реализираат содржини и советувања за заштита од алкохол, пушење и дрога“,*** 96.9% одговориле со се согласувам, 3.1% со делумно се согласувам.<br>Анкетирани се 65 ученици кои на прашањето:<br>***„Училиштето ги поттикнува учениците да се грижат за своето здравје преку предавања, работилници и кампањи за здрава храна и здрав живот на младите“,*** 92.3% одгоовриле се се согласувам, 4.6% со делумно се согласувам и 3.1% со не се согласувам. |
| | Квалитет на достапна храна | Во ООУ „Ѓорѓи Сугарев’ - Битола има организирана исхрана (ужинка) на дел од учениците кои се од социјален ризик.<br>Во соработка со Проект „Среќа’, во текот на учебната 2024/2025 година беа обезбедени оброци за 17 ученици од I до V одделение кои во текот на целата учебна година добиваа оброк. Оброците беа обезбедени како донација од страна на вработените во компанијата IWConnect од Битола.<br>Соработката продолжи и во текот на учебната 2025/2026 година, финансирани се вкупно 35 оброци за деца од социјално ранливи категории. Вкупно 29 оброци се финансирани од страна на вработените во компанијата IWConnect од Битола, а 9 оброци се донација од Пекарата „Александар“ - Битола, која ги доставува оброците до училиштето секој работен ден. |
| | | При запишувањето на учениците педагошко-психолошката служба и тимовите за запишување на учениците во прво одделение, добиваат |

| | | |
|---|---|---|
| | Хигиена и заштита од болести | првични информации за хигиенските навики на учениците.<br>Доколку постојат заболувања и испитувања во предучилишниот период се бара на увид документацијата, при што се прави копија или препис кој се чува во досието на ученикот кај психологот на училиштето.<br>Пред уписот во прво одделение психологот на училиштето врши разговор со ученикот, и преку примена на соодветни психолошки техники за таа намена се утврдува нивото на графомоторниот развој, говорот, психо-физичката состојба на ученикот, а резултатите од тријажната постапка им се презентираат на одделенските наставници преку индивидуални разговори, како и преку седниците на Наставничкиот совет.<br>При ова испитување се воочуваат евентуалните пречки во развојот на говор, сензо-моторните способности, перцептивното заклучување, како и логичкото размислување, врз основа на што се упатуваат на дополнителни испитувања кај одделни компетентни лица (како што е логопед, Комисија за категоризација на деца со посебни потреби, Завод за рехабилитација на слух и говор во Битола и други).<br>Во училиштето во учебната 2025/2026 година има 12 ученици со посебни образовни потреби кои се категоризирани со МКФ категоризација (пречки во говор, вид, интелектуална попреченост, емоционални тешкотии, комбинирани пречки).<br>Преку Центарот за поддршка кој исто така функционира во нашето училиште опфатени се дополнително уште 39 ученици со попреченост од другите училишта од општина Битола кои исто така се категоризирани со МКФ.<br>Анкетирани се 65 наставници кои на прашањето:<br>***„Задоволен/на сум од хигиената во училиштето“,*** 30.8% одговориле со се согласувам, 50.8% со делумно се согласувам и 18.5% со не се согласувам<br>Анкетирани се 67 родители кои на прашањето:<br>***„Хигиената во училиштето е на високо ниво“*, 53,7% се согласуваат со тврдењето, 31,3% делумно се согласуваат, а 14,9% не се согласуваат.**<br>На спроведената анкета со која беа опфатени 65 ученици беа добиени следните одговори:<br>„Училиштето е чисто и уредно“, се согласуваат 55,4% од анкетираните ученици, делумно се согласуваат 41,5%, а 3,1% одговориле дека не се согласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | ***„Задоволен сум од одржување на хигиената во училишните тоалети“,*** се согласуваат 44,6%, делумно се согласуваат 21,5%, а не се согласуваат 33,8% од анкетираните ученици. |
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Врз основа на Програмата за заштита, безбедност и спасување од елементарни непогоди за 2025/2026 година, училиштето ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ предвидува реализација на низа активности со цел унапредување на личната и колективната безбедност на учениците, наставниците и сите учесници во воспитно-образовниот процес.<br>Во училиштето е изработен план за евакуација, а исто така се предвидува спроведување на симулациски вежби за евакуација во соработка со локални институции, со цел учениците и вработените да знаат како да реагираат без паника во реални ризични ситуации. Овие симулации ќе се реализираат континуирано во текот на учебната година. Дополнително, за одржување на безбедноста во секојдневната работа, наставниците имаат дежурства за време на одморите, а истите се евидентирани и истакнати на видно место.<br>Системот за безбедност е надополнет со поставени безбедносни камери, како и токен-систем за контрола на влезот во училиштето.<br>Училиштето располага со ПП апарати кои редовно се сервисираат<br>Во случај на опасност, училиштето следи јасно утврдени чекори: активирање на рачното ѕвоно со сигнал за опасност, отворање на влезовите, исклучување на потенцијално опасни доводи (вода, парно, плин), евакуација на учениците од страна на наставниците и пренос на архивата од страна на административниот кадар.<br>Сите овие активности имаат за цел унапредување на културата на безбедност, зголемување на отпорноста на ризици и развивање на свест за лична одговорност и заштита во случај на вонредни настани.<br>Анкетирани се 65 наставници кои на прашањето:<br>***„Вработените се ангажирани околу однесувањето и безбедноста на учениците при нивното доаѓање, за време на одморите и при нивното заминување од училиште“,***<br>Од вкупно 67 родители кои ја пополниле анкетата, на прашањето:<br>***„Училиштето го чувствувам како безбедна и мотивирачка средина за моето дете“,*** 80,6% се согласуваат со тврдењето, 16,4% делумно се согласуваат, а само 3% одговориле дека не се согласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | ***„Вработените се ангажирани околу однесувањето и безбедноста на нашите деца (учениците) при нивното доаѓање, за време на одморите и при нивното заминување од училиште“,*** се согласуваат 77,6%, делумно се согласуваат 19,4%, а не се согласуваат само 3%.<br>Анкетираните 65 ученици во врска со грижата за безбедноста во училиштето одговориле на следниот начин:<br>***„Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно“,*** се согласуваат 81,5%, делумно се согласуваат 16,9%, а не се согласуваат само 1,5%.<br>***„Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето“,*** се согласуваат најголемиот број од анкетираните ученици или 87,7%, делумно се согласуваат 7,7% и не се согласуваат 4,6%. |
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Во училиштето се организираат собирни акции од страна на вработените за помош во облека и училиштен прибор на економски најзагрозените ученици. Исто така со ангажирање на дел од наставниците и директорката на училиштето остварени се контакти со здруженија и невладини организации за помош на учениците во храна, облека и ученички прибор. Соработката со Проект „Среќа“ е континуирана и со нивна помош се обезбедуваат училиштен прибор и ранци за првачината на почетокот на секоја учебна година. Во текот на учебната 2025/2026 година добивме училиштен прибор и ранци од неколку компании од Битола, како што се IWConnect, Brainchild и други. Училиштниот прибор е наменет Во соработка со Проект „Среќа’, во текот на учебната 2024/2025 година беа обезбедени оброци за 17 ученици од I до V одделение, а во текот на учебната 2025/2026 година, обезбедени се вкупно 35 оброци за деца од социјално ранливи категории. Вкупно 29 оброци се финансирани од страна на вработените во компанијата IWConnect од Битола, а 9 оброци се донација од Пекарата „Александар“ - Битола.<br>Минатата година беа обезбедени новогодишни пакетчиња за децата од социјално-ранливите категории.. Исто така и оваа година ќе бидат обезбедени новогодишни пакетчиња за ранливите категории на ученици (примател на социјална помош, повеќедетни семејства, деца кои живеат со старатели, деца на самохрани родители, деца со попреченост и др.).<br>Врз основа на анкета спроведена со 65 ученици кои учат во училиштето се добиени следните резултати: |

| | | |
|---|---|---|
| | | ***„Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми“,*** се согласуваат 84,6%, делумно се согласувам 10,8%, а не се согласуваат 4,6%, |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Здравствената состојба редовно се контролира преку систематски прегледи и се врши задолжителна имунизација според календарот за имунизација и програмата на Заводот за здравствена заштита Битола. На учениците им се презентираат и предавања од областа на здравјето (физичко и ментално здравје) од страна на одделенските раководители и стручната служба во подрачјето грижа за здравјето. Училиштето води грижа за учениците со посебни потреби со индивидуален приод кон секој ученик, односно прилагодување на моделите на наставата кон индивидуалните потреби на учениците. Тешкотии во овој поглед има во таа смисла што наставниците не се доволно едуцирани (или пак воопшто не се едуцирани) за работа со децата со посебни потреби, па изборот на начините и постапките на наставниците зависат од тоа кој колку индивидуално го следи и третира овој проблем. Во училиштето е лоциран и работи Центарот за поддршка на ученици со попреченост, а преку Ресурсниот центар се обезбедени образовни асистенти за учениците за кои по МКФ е доделен образовен асистент. Во случај на подолго отсуство на ученик од здравствени причини образовниот процес се реализира преку испраќање на материјали за работа од дома, организирање дополнителни часови кога ќе се вратат, пружање на помош и поддршка од страна на наставниците и соучениците.<br>Во училиштето во учебната 2025/2026 година има 12 ученици со посебни образовни потреби кои се категоризирани со МКФ категоризација Преку Центарот за поддршка кој исто така функционира во нашето училиште опфатени се дополнително уште 39 ученици со попреченост од другите училишта од општина Битола кои исто така се категоризирани со МКФ. |
| | | Училиштето во рамките на своите можности и со ангажирање на вработените води грижа за благосостојбата и заштитата на учениците и од двата пола подеднакво. Наставниците и педагошко-психолошката служба со расположливите ресурси во училиштето се трудат да имаат што повеќе информации и податоци за учениците, за нивното здравје, како за физичкото, така и за менталното здравје, односно за физичкиот, емоционалниот и социјалниот аспект од развојот на учениците. Податоците се добиваат од разговори и интервјуа со родителите од страна |

| | | |
|---|---|---|
| | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | на педагошко-психолошката служба и одделенските раководители, примена на расположливите психолошки техники од страна на психологот и во соработка со соодветни стручни лица и институции (Медицински центар Битола, логопед, Завод за ментално здравје и др.). Се водат психолошки досиеја, кои ги содржат сите податоци од развојот на учениците до кои што се доаѓа во училиштето, надополнети со мислење на наведените институции (Евидентен лист за евалуација на развојното ниво на детето). Во училиштето недостигаат и психолошки тестови и техники за утврдување на психолошкиот профил на учениците. За таа цел се користат услугите на споменатите институции. Меѓутоа често се случува родителите поради материјалната состојба, како и поради сопственото убедување да одбиваат да ги посетуваат овие институции, па дури и да не сакаат своите деца да ги категоризираат. Улогата на педагошко-психолошката служба е да постапи во рамките на своите надлежности во врска со ова.<br>На спроведената анкета со која беа опфатени 65 ученици беа добиени следните одговори:<br>***„Училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете“***, се согласуваат 85,1%, делумно се согласуваат 13,4%, а не се согласуваат 1,5%.<br>Анкетирани се 65 ученици кои на прашањето:<br>***„Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми“***, се согласуваат 84,6%, делумно се согласуваат 10,8% и не се согласуваат 4,6%. |
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Учениците и родителите за помошта што може да ја добијат од педагошко-психолошката служба се информираат преку индивидуални контакти на службата, од страна на одделенските наставници во одделенската настава и одделенските раководители во предметната настава на одделенски час, на родителските состаноци, како и на седниците на Советот на родители. Се води сметка подеднакво да се информираат сите ученици и нивните родители без оглед на полот и националната припадност. Советодавна помош за избор на занимање и образовна институција се врши преку предавања на одделенскиот час или на посебни часови за ученици од деветто одделение од страна на одделенскиот раководител и психологот на училиштето, како и преку ученичката организација. Во однос на изборот за натамошното продолжување на образованието на учениците се |

| | | |
|---|---|---|
| | | информираат за мрежата на училиштата за средното образование во градот Битола, можностите и условите за запишување од страна на одделенските раководители и преку презентации на самите средни училишта. Учениците се информираат за потребните психофизички способности за определено занимање.<br>Анкетирани се 65 наставници кои на прашањето<br>***„Училиштето помага во професионалната ориентација на учениците преку спроведување на анкети и презентации од средни училишта“,*** 84.6% се сгласуваат, 15.4% делумно се согласуваат<br>Од вкупно 67 родители кои ја пополниле анкетата, одговорите се следни: ***„Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците“,*** се согласувам **86,6%**, делумно се согласувам **13,4%** и не се согласувам не одговорил ниту еден родител. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

Според анализата на податоците добиени од ученици, наставници и родители, може да се заклучи дека училиштето има **позитивна и стабилна училишна клима**, заснована на **взаемна почит, доверба и соработка** меѓу сите учесници во воспитно-образовниот процес. Поголемиот дел од анкетирани лица (од **80% до 95%**) изразиле согласност дека училиштето има јасно дефинирани правила на однесување, функционален кодекс и ефикасен систем за справување со дисциплината.

Учениците и родителите во најголем дел потврдиле дека **училишната средина е безбедна**, дека **учениците се прифатени и почитувани**, и дека наставниците се достапни за поддршка и разбирање на нивните потреби.

Активностите за **превенција на насилство**, **развивање здрави животни навики** и **емоционална поддршка на учениците** се оценети како многу успешни, со над 90% позитивни одговори.

Исто така, наставниците укажале дека во училиштето се реализираат бројни **советувања и кампањи** за превенција од ризично однесување (алкохол, пушење, дрога) и се поттикнува активен и здрав живот.

Од друга страна, како **најслаба точка** е издвоена **хигиената во училиштето**, каде што задоволството е најниско – само околу **30–55% целосна согласност**, особено во делот на тоалетите и заедничките простории.

**Соработката со родителите** е оценета како умерена, со делумна согласност кај скоро половина од наставниците, што укажува на потреба од подобрување на комуникацијата и вклученоста на родителите во училишниот живот

**Силни страни**

1. **Позитивна училишна клима и атмосфера на доверба**
   Високо ниво на почит, разбирање и поддршка меѓу ученици, наставници и родители.
   Над 90% од учениците и родителите изјавиле дека се чувствуваат прифатени и почитувани.
2. **Добро воспоставени и почитувани правила на однесување**
   Постојат јасно дефинирани правила и Кодекс на однесување со кои се запознаени сите страни.
   Наставниците (100%) и повеќе од 85% ученици и родители ги потврдуваат нивната примена**.**
3. **Функционален систем за дисциплина и ненасилно решавање конфликти**
   Над 80% од сите групи сметаат дека училиштето навремено реагира при појава на недисциплина и насилство.
   Се реализираат редовни активности за превенција на насилство.
4. **Висока поддршка за учениците**
   Училиштето нуди достапност и емпатија од страна на наставниците и раководството.
   Учениците (93,8%) и родителите (85%) потврдиле дека можат да побараат помош и дека добиваат поддршка.
5. **Активности за промоција на здрав живот и превенција на штетни навики**
   Речиси сите наставници (95–97%) потврдиле дека се спроведуваат програми и кампањи за здрава исхрана, физичка активност и превенција на алкохол, пушење и дрога.
6. **Безбедна и емоционално стабилна средина**
   Повеќето ученици (над 80%) се чувствуваат сигурно, а вработените активно се грижат за безбедноста за време на часовите и одморите.
7. **Демократско функционирање на ученичкиот парламент и вклученост на учениците**
   Наставниците (81,5%) и учениците (над 85%) потврдуваат дека парламентот функционира транспарентно и дека гласот на учениците се слуша.

| |
|---|
| **Слаби страни**<br>1. **Недоволно задоволителна хигиена во училиштето**<br>Најслабо оценета област од сите три групи.<br>Само 30,8% наставници и околу 50% ученици и родители се целосно задоволни.<br>Тоалетите и заедничките простории се наведени како критична точка.<br>2. **Делумна соработка со родителите**<br>Иако родителите имаат позитивен став, 47,7% наставници одговориле дека соработката е „делумна“.<br>Недостасува поинтензивна комуникација и заеднички активности.<br>3. **Нееднаква вклученост во проекти со Општината и заедницата**<br>Иако 73,8% наставници учествуваат, не е обезбедена доволна видливост и континуитет на тие активности.<br>4. **Потреба од систематизирање на поддршката за ученици со здравствени или емоционални потешкотии**<br>Иако постои добра волја и општа поддршка, потребни се дополнителни стручни кадри и планови за индивидуална помош.<br>5. **Непостојаност во доследна примена на дисциплинските мерки**<br>Мал процент наставници (околу 20%) и родители (10–15%) изразиле сомнеж во еднаквата примена на правилата кај сите ученици. |
| **Приоритети**<br><br>• **Негување на позитивната училишна клима и довербата меѓу сите чинители**<br>Континуирано поттикнување на меѓусебна почит, емпатија и тимска соработка меѓу учениците, наставниците и родителите.<br><br>• **Задржување на високиот степен на поддршка за учениците**<br>Продолжување со практиките на отворена комуникација, советувања и индивидуален пристап кон учениците.<br><br>• **Продолжување со превентивните активности против насилство и промоција на здрав живот**<br>Одржување на програмите и кампањите за здрава исхрана, физичка активност и ментално здравје.<br><br>• **Јакнење на демократските процеси преку активностите на ученичкиот парламент**<br>Поттикнување на ученичка иницијатива, самостојно планирање и транспарентност во неговото работење.<br><br>• **Задржување на безбедна и емоционално стабилна средина за сите ученици**<br>Продолжување со редовниот надзор и поддршка од страна на вработените во текот на денот и за време на одморите.<br><br>• **Подобрување на хигиенските услови во училиштето**<br>Планирање на конкретни активности за уредување и редовно одржување на тоалетите и заедничките простории.<br>Вклучување на учениците во акции за хигиена и естетика на училиштето. |

- **Зголемување на соработката со родителите**
  Развивање нови форми на комуникација: тематски средби, заеднички проекти, анкети за ставови и потреби.
  Поголема видливост на активностите каде родителите можат активно да учествуваат.

- **Поголема вклученост на училиштето во проекти со Општината и заедницата**
  Систематско планирање на заеднички активности и партнерства со локални институции.
  Промовирање на успешните проекти за зголемување на јавната поддршка и препознатливост на училиштето.

- **Развивање систематизирана поддршка за ученици со здравствени и емоционални потешкотии**
  Формирање интерен тим за психосоцијална поддршка и воведување индивидуални планови за ученички потреби.

- **Унапредување на доследната примена на дисциплинските мерки**
  Јасна и еднаква примена на Кодексот на однесување за сите ученици.
  Поголема транспарентност во постапките и повратна информација до родителите.

**Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации**

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

## ПОДРАЧЈЕ 4: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

### АНКЕТА ЗА РОДИТЕЛИ


















IV/7. Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен

67 responses




IV/8. Училиштето ги пофалува и наградува учениците и наставниците за постигнатите резултати со кои го афирмираат училиштето во локалната средина.

67 responses




IV/9. Редовно сум информиран/а преку претставникот од Совет на родители(на родителски состанок на одделението) за активностите на училиштето во текот на учебната година.

67 responses




## АНКЕТА ЗА НАСТАВНИЦИ

## ПОДРАЧЈЕ 4: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

IV/1 .Училишниот одбор редовно обезбедува информации за својата работа на наставниците вработени во училиштето

Copy chart

65 responses




IV/2. Раководниот орган има јасна визија во која насока се движи училиштето

Copy chart

65 responses




IV/3. Раководниот орган го заснова своето работење врз тимска работа, преку вклучување на вработените во процесот на развој на политики,планирање и обезбедување квалитет

Copy chart

64 responses




IV-4 Дали сметате дека директорот успешно иницира и раководи со промените во образовниот систем, особено во однос на Центарот за поддршка на учениците со попреченост и користењето на неговите услуги?

Copy chart

65 responses




IV/5. Информиран/а сум за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање
65 responses
Copy chart
се согласувам
делумно се согласувам
не се согласувам
10.8%
89.2%


IV/6. Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности
65 responses
Copy chart
се согласувам
делумно се согласувам
не се согласувам
46.2%
18.5%
35.4%


IV/7. Учествувам во интерни и екстерни обуки согласно со моите потреби
65 responses
Copy chart
се согласувам
делумно се согласувам
не се согласувам
18.5%
81.5%


IV/8. Во училиштето ме поттикнуваат стручно да се усовршувам
65 responses
Copy chart
се согласувам
делумно се согласувам
не се согласувам
21.5%
78.5%


IV/9.Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците
65 responses
Copy chart
се согласувам
делумно се согласувам
не се согласувам
12.3%
86.2%


IV/10. Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето
65 responses
Copy chart
се согласувам
делумно се согласувам
не се согласувам
49.2%
12.3%
38.5%

# ПОДРАЧЈЕ 4: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

## АНКЕТА ЗА УЧЕНИЦИ

IV/1. Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период.

55 responses




IV/2. Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека/медијатека во секое време.

55 responses




IV/3. Училишната библиотека е достапна за сите ученици.

55 responses




IV/4. Училишната блиблиотеката/ медијатеката е место каде што можам да учам и читам во пријатна атмосфера.

55 responses




IV/5. Училиштето ги пофалува и наградува учениците за постигнатите резултати со кои го афирмираат училиштето во локалната средина.

55 responses



| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| 1. Управување и раководење со училиштето<br>2. Цели и креирање на училишната политика |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Интервју со: Амид Целовски- претседател на УО<br>• Деловник за работа на Училишни от одбор<br>• Програма за работа на Училишни от Одбор<br>• Статут на училиштето<br>• Програма за работа на училишниот одбор;<br>• Деловник за работа на училишниот одбор;<br>• Статут на училиштето; записници, одлуки иизвештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни);<br>• Развојна програма на училиштето;<br>• Програма за работа<br>• на директорот;<br>• Програми за професионален развој; | Управување со училиштето | Управувањето и раководењето со училиштето се оценува како одлично. Училишниот одбор, кој е орган за управување, е формиран согласно законските прописи и го исполнува својот мандат согласно деловникот, програмата за работа и статутот на училиштето. Одборот активно презема мерки за анализа на состојбите во училиштето, поставување приоритети и предлагање иницијативи и активности со цел подобрување на ученичките резултати и целокупниот воспитно-образовен процес.<br>Членовите на одборот имаат легитимен мандат и успешно поминале обуки за извршување на своите должности. Претседател на одборот е родител, согласно новите законски прописи за основно образование. Состаноците на одборот се добро организирани – членовите се редовно и навремено поканети, секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа, а за секој состанок се водат записници и се донесуваат одлуки, се разгледуваат финансиски планови и извештаи од буџетот.<br>Одборот активно го следи и поддржува развојот на училиштето преку развојната програма, ја контролира работата на раководството и на вработените, ја поддржува професионалната надградба на наставниците и ја следи успешноста и напредокот на учениците. Докази за учество на наставниците во обуки и нивната дисеминација се евидентирани преку списоци, агенди и евалуациски листи. Дополнително, одборот собира повратни информации преку интервјуа со наставници, родители и ученици, |

| | | |
|---|---|---|
| • Докази за учество и дисеминација на обуки(списоци, агенди, евалуациски листи);<br>• Интервјуа со наставници, родители и ученици и училишниот одбор;<br>• Распоред и процедури за користење<br>• на просторот и материјлите во училиштето; | | обезбедувајќи увид во квалитетот на наставата и функционирањето на училиштето.Според резултатите од анкетата, најголем дел од родителите (67,7%) сметаат дека Училишниот одбор ги објавува донесените одлуки навремено и транспарентно, што дополнително ја потврдува ефикасноста и транспарентноста на управувањето со училиштето.<br>Распоредот и процедурите за користење на просторот и материјалните ресурси се јасно дефинирани, со цел рационално и безбедно користење на училиштниот простор и наставните средства. Одборот исто така активно придонесува кон подобрување на работните услови, одржување современа и безбедна средина за работа, како и интензивирање на соработката со училиштните тела и локалната заедница |
| | Раководење со училиштето | Раководењето со училиштето се одвива професионално, транспарентно и тимски. Соработката помеѓу директорот и Училишниот одбор е на високо ниво и се темели на доверба, почитување и редовна комуникација. Одборот е активно вклучен во носењето на значајни одлуки, особено во делот на годишното планирање, усвојување на програмите и следење на реализацијата на училишните приоритети. Овој начин на работа овозможува заедничка одговорност и вклученост на сите чинители во животот и развојот на училиштето.<br>Анкетните податоци потврдуваат дека најголемиот дел од наставниците се информирани за тековните и идните активности што ги планира училиштето. Конкретно, **32,3%** од испитаниците изјавиле дека целосно се согласуваат дека се навремено и целосно информирани, **64,6%** делумно се согласуваат, додека само **3,1%** не се согласуваат. Овие податоци покажуваат дека постои високо ниво на информираност, но и потреба од уште поголема транспарентност и редовност во споделувањето информации со целиот колектив.<br>Процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет во училиштето се реализира инклузивно и тимски. Наставниците се активно вклучени преку стручните активи, родителите преку Советот на родители, а учениците преку ученичката заедница. Претставници на локалната самоуправа и институции исто така учествуваат во развојното планирање и поддршка на училиштето. Соработката меѓу различните страни е динамична, конструктивна и ориентирана кон заеднички цели.<br>Во училиштето е воспоставена култура на отворен дијалог, почитување и споделување идеи. Преку редовни состаноци, анкети и работилници сите |

| | | |
|---|---|---|
| | | чинители се информираат за тековните активности, даваат предлози и придонесуваат кон подобрување на квалитетот на наставата и училишниот живот.<br>Раководниот стил на директорот се карактеризира со јасна визија, лидерски капацитет и ориентираност кон резултати. Се поттикнува тимска работа, одговорност и професионализам, а се создава и позитивна училишна клима во која секој вработен може да ги развива своите потенцијали.<br>Во таа насока, резултатите од анкетата покажуваат дека учениците ја доживуваат училиштната библиотека и медијатека како простор кој придонесува за пријатна и поттикнувачка средина. Дури **96,9%** одговориле дека библиотеката е достапна за сите ученици, **75,4%** изјавиле дека можат да земат книга или лектира во секое време, а **93,8%** потврдиле дека библиотеката нуди можност за учење и читање во пријатна атмосфера. Овие резултати го потврдуваат ангажманот на раководството за создавање квалитетни услови за учење и афирмација на читачката култура.<br>Покрај тоа, училиштето постојано вложува напори за рационално користење на ресурсите и подобрување на условите за работа и учење. Просторните капацитети се прилагодуваат на наставните и проектните потреби, а преку партнерства, донации и учество во различни проекти се обезбедуваат дополнителни средства и опрема.<br>Професионалниот развој на кадарот се реализира континуирано, преку индивидуални и колективни планови за унапредување. Наставниците редовно учествуваат во обуки, семинари и меѓународни проекти, а добиените искуства ги споделуваат на наставничките совети. Се применува систем за пофалување и мотивирање на наставниците кои покажуваат високи резултати и професионален ангажман, со што се поттикнува позитивна атмосфера и култура на вреднување на трудот.<br>Следењето на квалитетот на наставата се спроведува систематски и континуирано од страна на директорот, педагогот и по потреба психологот. По секое следење се дава конкретна повратна информација со насоки за унапредување, а резултатите се користат при идното планирање и развој на училиштето.<br>Резултатите од развојните програми, анализите и извештаите се редовно споделуваат со наставниците, родителите и Советот на родители, а информациите за буџетот и реализацијата на програмите се презентираат пред Училишниот одбор и Општината. На тој начин се обезбедува **целосна** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **транспарентност, отчетност и доверба** во работењето на училиштето. Визијата на раководството е училиштето да биде **отворена, функционална и поддржувачка заедница**, во која правилата создаваат ред, а редот овозможува квалитет. Примерот и професионалниот пристап на директорот претставуваат силна мотивација за колективот, кој со заеднички напори создава вредности, постигнува резултати и воспитува одговорни, креативни и успешни ученици. |
| | Управување и раководење со ресурсите | Училиштето ги користи своите ресурси рационално, транспарентно и во согласност со поставените приоритети и развојни цели. Управувањето со финансиските, човечките и материјалните ресурси се реализира со јасна распределба на одговорности, редовно следење на реализацијата и отчетност пред надлежните органи.<br>Резултатите од анкетите укажуваат дека **89,2%** од наставниците се целосно согласуваат дека се информирани за резултатите и динамиката на реализација на развојната програма, додека **10,8%** делумно се согласуваат. Овие податоци потврдуваат дека училиштето обезбедува навремена информираност и јасна визија за постигнување на поставените цели.<br>Во однос на транспарентноста, **38,5%** од наставниците изјавиле дека се запознаени со начинот на трошење на буџетот на училиштето, а **49,2%** делумно се согласуваат со тоа, што укажува дека постои висок степен на отвореност, но и потреба од дополнителна комуникација и објавување на финансиските информации на редовна основа.<br>Кога станува збор за материјалните ресурси, **35,4%** од наставниците потврдиле дека училиштето целосно обезбедува потребен потрошен материјал за наставните и воннаставните активности, **46,2%** делумно се согласуваат, а **18,5%** не се согласуваат. Ова покажува дека, иако училиштето обезбедува најголем дел од потребниот материјал, се уште постојат ограничувања кои произлегуваат од буџетските можности.<br>Процесот на набавка и распределба на материјалите се спроведува транспарентно и плански. Наставниците своите потреби ги доставуваат преку стручните активи и координаторите, а училиштето, во рамките на финансиските можности, обезбедува најголем дел од потребниот материјал. Дел од ресурсите се набавуваат преку донации, партнерства и учество во локални и меѓународни проекти.<br>Во поглед на човечките ресурси, училиштето располага со квалитетен и компетентен наставен кадар. Според резултатите од анкетата, **83,6%** од |

| | | |
|---|---|---|
| | | родителите целосно се согласуваат дека наставниците се професионални и посветени, **14,9%** делумно се согласуваат, а само **1,5%** не се согласуваат. Ова претставува потврда за високата доверба и углед што го ужива наставниот кадар во заедницата.<br>Во училиштето е воспоставен систем за поддршка и мотивирање на наставниците и учениците кои постигнуваат високи резултати. **86,2%** од наставниците и **88,1%** од родителите се согласуваат дека училиштето редовно ги пофалува и наградува постигнувањата, што укажува на позитивна организациска култура заснована на вреднување на трудот и резултатите.<br>Покрај тоа, училиштето активно инвестира во професионалниот развој на кадарот. **81,5%** од наставниците изјавиле дека редовно учествуваат во интерни и екстерни обуки, а **78,5%** дека се поттикнати од раководството за стручно усовршување. Ова укажува на континуирана поддршка и систематски пристап кон унапредување на компетенциите на вработените.<br>Во однос на просторните и материјално-техничките ресурси, училиштето располага со прилагодени училници, специјализирани кабинети и училишна библиотека/медијатека која е достапна за сите ученици (**91%** од родителите и **96,9%** од наставниците го потврдуваат тоа). Библиотеката е уредена како пријатно место за читање, учење и престој, а **93,8%** од испитаниците ја оцениле атмосферата како позитивна и поттикнувачка.<br>Училиштето континуирано вложува напори за подобрување на инфраструктурата и опременоста, преку соработка со Општината, локални компании и донаторски организации. Благодарение на овие партнерства, се реализираат активности за уредување на просторот, обезбедување дидактички материјали и дигитални ресурси, како и опремување на Центарот за поддршка на учениците со попреченост, чија улога ја препознаваат **98,5%** од наставниците.<br>Во целина, управувањето со ресурсите во училиштето се одликува со **ефикасност, отчетност и визионерски пристап**. И покрај финансиските ограничувања, преку тимска работа, креативност и партнерства се обезбедува стабилност во функционирањето и континуирано подобрување на условите за работа и учење. |
| | | Анализата на анкетните резултати покажува дека наставниот кадар во училиштето се перцепира како **квалитетен и компетентен**, што е |

| | | |
|---|---|---|
| | Раководење со кадарот | потврдено со висок процент на согласност од **83,6%** од анкетираните родители. Ова укажува дека училиштето располага со стручни и мотивирани наставници кои успешно ја реализираат воспитно-образовната програма. Дополнително, **14,9%** од испитаниците делумно се согласуваат со ова тврдење, што може да се поврзе со потреба за континуирано стручно усовршување на дел од кадарот, додека **само 1,5%** не се согласуваат.<br>Резултатите сугерираат дека во училиштето постои **висок степен на професионализам и посветеност** меѓу вработените, а тоа придонесува за создавање позитивна слика и доверба кај родителите. Истовремено, училиштето поттикнува мотивација и ангажираност преку **пофалување и наградување** на наставниците и учениците за постигнатите резултати – активност со која се согласуваат **88,1%** од испитаниците.<br>Овие податоци укажуваат дека **раководниот тим успешно управува со човечките ресурси**, преку препознавање и вреднување на трудот на наставниците, создавање стимулативна средина и поттикнување тимска соработка. Сепак, иако резултатите се многу позитивни, потребно е да се продолжи со активности за **постојано професионално усовршување**, размена на искуства и воведување на современи наставни практики, со цел да се одржи и унапреди постојниот висок квалитет на кадарот. |
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Анализата на резултатите укажува дека во училиштето постои **ефикасен систем за следење и унапредување на наставниот процес**, заснован на континуирана соработка меѓу наставниците, родителите и раководниот тим. Поголемиот дел од анкетираните родители потврдуваат дека се **редовно информирани** за активностите и постигнувањата на учениците преку родителски состаноци, каде што **91%** изјавиле дека редовно присуствуваат. Ова покажува дека училиштето успешно ја негува **партнерската комуникација со родителите** и создава средина во која сите чинители се активно вклучени во воспитно-образовниот процес.<br>Истовремено, **80,6%** од анкетираните сметаат дека училиштето ги **поттикнува родителите и учениците да се вклучуваат во различни активности**, што претставува важен аспект на унапредувањето на наставниот процес преку учество и поддршка од заедницата.<br>Квалитетот и компетентноста на наставниот кадар, со што се согласуваат **83,6%** од родителите, се клучен фактор во следењето и унапредувањето на наставата. Овој податок ја потврдува успешната работа на наставниците и примената на современи методи кои овозможуваат активна и ефикасна |

| | | |
|---|---|---|
| | | настава.<br>Дополнително, **учеството во работилници и фокус групи (71,6%)** покажува дека училиштето континуирано анализира и унапредува аспекти од воспитно-образовната работа преку заедничко споделување искуства, идеи и предлози.<br>Сумирано, училиштето демонстрира **високо ниво на ангажман и транспарентност** во следењето и подобрувањето на наставниот процес. Сепак, се препорачува да се засилат активностите за **повеќекратно мерење на ефектите од применетите наставни практики**, како и редовни обуки и стручни совети со цел постојано усовршување и зголемување на ефективноста на наставата. |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Развојна програма на училиштето; годишна програма за работа на училиштето;<br>извештај од самоевалуација; план за следење и евалуација на реализацијата на акциските планови; анкети/интервјуа со директорот, стручните<br>соработници, наставниците, родителите/старателите, учениците; записници од училишниот одбор,<br>советот на родители, наставничкиот совет; интерни акти;<br>програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор;<br>деловник за работа на училишниот одбор; план за професионален развој;<br>буџет и финансиски план на<br>училиштето. | Процедури за креирање на училишната политика | Во училиштето постојат јасно утврдени и транспарентни **процедури за креирање и спроведување на училишната политика**, кои овозможуваат вклучување на сите релевантни чинители во процесот на донесување одлуки. Резултатите од анкетата укажуваат дека **77,6%** од испитаниците сметаат дека **Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки**, што говори за високо ниво на отвореност и отчетност во управувањето со училиштето.<br>Преку редовните **родителски состаноци** на кои присуствуваат **91% од родителите**, училиштето обезбедува навремено информирање и активно вклучување на родителската заедница во креирањето на политики и активности. Истовремено, **89,6%** од родителите потврдиле дека се **редовно информирани преку претставникот од Советот на родители** за тековните активности и одлуки на училиштето, што дополнително ја зајакнува транспарентноста и партиципативноста.<br>Во процесот на креирање на политиките, училиштето демонстрира **висока инклузивност**, преку активности кои го поттикнуваат учеството на ученици, наставници и родители во носење иницијативи, развој на програми и подобрување на условите за работа.<br>Позитивен показател е и тоа што **80,6%** од родителите сметаат дека |

| | | |
|---|---|---|
| | | училиштето **ги мотивира за активно учество во различни активности**, што е во согласност со принципите на демократско училишно управување. Како заклучок, може да се констатира дека училиштето има **развиен систем на процедури за креирање на училишната политика**, кој се темели на **транспарентност, соработка и вклученост**. Сепак, се препорачува понатамошно **јакнење на механизмите за вклучување на сите засегнати страни во фазата на планирање и евалуација**, со цел да се обезбеди уште поголема застапеност на мислењата и потребите на целата училишна заедница. |
| | Резултати од развојно планирање | Резултатите од развојното планирање се видливи преку подобрување на наставниот процес, зголемена ефикасност на наставниот кадар, подобрени училишни простории и опрема, како и поголема вклученост на учениците и родителите во воспитно-образовниот процес. Развојното планирање овозможува следење на постигнатите резултати и прилагодување на активностите според потребите и приоритетите на училиштето. |
| | Планирање и управување со училишниот буџет | Училиштето го реализира **планирањето и управувањето со буџетот** на транспарентен и организиран начин, со цел рационално распределување на финансиските ресурси и обезбедување на услови за реализација на наставата и вонаставните активности.<br>Анкетните резултати покажуваат дека **38,5%** од наставниците се целосно запознаени со начинот на трошење на буџетот, **49,2%** делумно се согласуваат, додека **12,3%** не се согласуваат. Овие податоци укажуваат на високо ниво на отчетност, но и на потреба од дополнително информирање за распределбата и приоритетите на финансиските средства.<br>Процесот на планирање на буџетот се спроведува во координација со **директорот, Училишниот одбор и Советот на родители**, а приоритети се поставуваат според потребите на наставата, развојните проекти и специјализираните активности како што е Центарот за поддршка на учениците со посебни образовни потреби.<br>За распределбата на материјалните ресурси, училиштето обезбедува најголем дел од потребниот потрошен материјал за наставата и вонаставните активности преку сопствени средства или донации. Анкетата покажува дека **35,4%** од наставниците сметаат дека материјалите се обезбедени целосно, **46,2%** делумно, а **18,5%** сметаат дека недостасуваат одредени ресурси. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Управувањето со буџетот се одвива со **јасни процедури за планирање, доставување барања и распределба на средства**, при што се почитуваат приоритетите на училиштето и се обезбедува рационално користење на средствата. Покрај сопствените ресурси, училиштето активно бара **партнерства, донации и учество во проекти**, со цел дополнително подобрување на инфраструктурата и опремата.<br>Во целина, училиштето демонстрира **одговорно и транспарентно управување со финансиските ресурси**, со постојан стремеж кон рационалност, отчетност и максимално искористување на достапните средства за поддршка на наставата и унапредување на условите за учење. |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

**Опис/резиме на подрачјето**

Во училиштето, **управувањето и раководењето** се реализираат професионално, транспарентно и тимски, со јасна визија и акцент на заедничка одговорност. Соработката помеѓу директорот, Училишниот одбор, наставниците, родителите и учениците се темели на **доверба, редовна комуникација и активно учество** во креирањето на училишните политики.

Анкетните резултати потврдуваат високо ниво на информираност и задоволство кај сите чинители:

- **67,8%** од наставниците се согласуваат дека Училишниот одбор редовно обезбедува информации за својата работа, додека **30,7%** делумно се согласуваат.

- **95,4%** сметаат дека раководството има јасна визија за насоката на развој на училиштето.

- **98,4%** сметаат дека работењето на училиштето се заснова на тимска работа и вклучување на вработените во планирање и обезбедување на квалитет.

- **98,5%** потврдуваат дека директорот успешно иницира и раководи со промените, особено во однос на Центарот за поддршка на учениците со посебни потреби.

- **89,2%** се информирани за резултатите и динамиката на развојната програма, додека **10,8%** делумно се согласуваат.

Процесот на креирање на училишната политика е **инклузивен и транспарентен**, со активно учество на сите засегнати страни: наставници, ученици, родители и локална заедница. Анкетите покажуваат дека **77,6%** од родителите сметаат дека Училишниот одбор транспарентно ги објавува донесените одлуки, а **91%** присуствуваат на родителски состаноци организирани од одделенскиот раководител.

Планирањето и управувањето со ресурсите и буџетот се **рационални и транспарентни**, со јасно дефинирани приоритети. Наставниците се вклучуваат преку стручните активи, додека училиштето обезбедува материјални ресурси преку сопствени средства и донации. **35,4%** од наставниците целосно добиваат потребен материјал, додека **46,2%** делумно. Буџетот се споделува со Училишниот одбор, Советот на родители и, по потреба, со Општината (**38,5%** целосно запознаени, **49,2%** делумно).

Во целина, управувањето, раководењето и креирањето на училишните политики се **ефикасни, инклузивни и транспарентни**, со постојан стремеж кон подобрување на квалитетот на наставата, професионалниот развој на кадарот и создавање поддржувачка училишна средина за учениците.

**Силни страни**

**Професионално и тимско раководење:**

- Раководството и Училишниот одбор работат транспарентно и тимски, со јасна визија (**95,4%** согласни за јасна визија на раководството, **98,4%** за тимска работа).
- Директорот успешно иницира и раководи со промените, особено во Центарот за поддршка на учениците со посебни потреби (**98,5% согласни**).
- Активна вклученост на наставниците, родителите и учениците во креирање политики и развој на училиштето.

**Квалитетен и компетентен наставен кадар:**

- Наставниците се високо професионални, компетентни и мотивирани (**83,6% согласни**).
- Се спроведува систем за пофалување и наградување на наставниците за нивниот труд (**86,2% согласни**).

**Инклузивна и соработка со заедницата:**

- Наставниците, родителите и учениците се активно вклучени во развојните процеси, планирање и политики.
- Центарот за поддршка на учениците со посебни потреби е препознат од **94% од родителите**, што укажува на успешна инклузивна практика.

**Добра комуникација и информираност:**

- Родителите се редовно информирани за активностите на училиштето и присуствуваат на состаноци (**91% присуство на родителски состаноци**).

- Наставниците се информирани за резултатите од развојната програма и динамиката за реализација (**89,2% согласни**).

**Достапни и стимулирачки ресурси за учениците:**

- Училишната библиотека и медијатеката се достапни и создаваат пријатна атмосфера за учење (**96,9% и 93,8% согласни**). Учениците се пофалуваат и наградуваат за постигнатите резултати, што поттикнува мотивација и афирмирање на училиштето во локалната средина.

**Стратегиски развој и континуирано унапредување:**

- Се спроведува систематско следење на наставниот процес, редовни евалуации и работилници (**71,6% учество во фокус групи**).
- Постојан професионален развој на наставниците преку обуки, семинари и проекти (**81,5% учество во обуки**).

**Позитивна училишна клима и култура на соработка:**

- Се негува отворен дијалог, меѓусебно почитување и тимска работа.
- Учениците, наставниците и родителите се мотивирани да учествуваат активно во училиштниот живот.

**Слаби страни**

**Ограничен пристап до финансиски информации:**

- Само **38,5%** од наставниците целосно се информирани за начинот на трошење на буџетот, а **49,2%** делумно.
- Постои простор за подобра транспарентност и редовно информирање за финансиските средства.

**Недоволно обезбедување на материјални ресурси:**

- Само **35,4%** од наставниците сметаат дека училиштето целосно обезбедува потребен материјал, додека **46,2%** делумно и **18,5%** не се согласуваат.
- Се јавуваат ограничувања во опремата и потрошниот материјал, кои можат да влијаат на квалитетот на наставата и активностите.

**Недостиг на стручни кадри:**

- Во некои предмети и специјализирани области (специјални едукатори) има недостиг на кадар, што бара надминување преку дополнителни барања до Општината или внатрешна организација.

| |
|---|
| **Ограничувања во инфраструктурата и просторните капацитети:**<br><br>• Иако училиштето се труди да обезбеди функционални простории, постојат предизвици поврзани со инфраструктурата и опременоста, кои се надоместуваат преку донации и партнерства. |
| **Приоритети**<br><br>**Подобрување на информираноста и транспарентноста за буџетот и ресурсите:**<br><br>• Зголемување на бројот на наставници кои целосно се информирани за трошењето на буџетот (**само 38,5% се целосно запознаени**).<br>• Подобрување на достапноста на потрошниот материјал (**35,4% целосно обезбедено, 46,2% делумно**).<br><br>**Јакнење на стручниот кадар и професионалниот развој:**<br><br>• Дополнителни обуки и семинари за наставниците кои се делумно опфатени (**18,5% не учествуваат во обуки доволно).<br>• Поттикнување постојано усовршување и примена на нови наставни методи (**21,5% сметаат дека училиштето не доволно ги поттикнува за професионален развој).<br><br>**Подобрување на инфраструктурата и опременоста на училиштето:**<br><br>• Надминување на ограничувањата во просториите и наставната опрема.<br>• Промоција на проекти, партнерства и донации за подобрување на условите за работа и учење.<br><br>**Зголемена вклученост на родителите и локалната заедница:**<br><br>• Подобрување на информираноста за планираните активности (**само 65% целосно информирани за следниот период**).<br>• Зголемување на партиципативноста во развојот на училишните политики и проекти.<br><br>**Континуирано унапредување на наставниот процес:**<br><br>• Зголемување на фокусот на евалуација на наставата и користење на добиените препораки за унапредување<br>• Јакнење на тимската работа помеѓу наставниците, родителите и учениците за подобрување на квалитетот на учењето.<br><br>**Поддршка на инклузивното образование:** |

- Продолжување и унапредување на активностите на Центарот за поддршка на учениците со посебни потреби (**94% родителите се запознаени со постоењето на центарот**).
- Осигурување на рамноправен пристап до образовни ресурси и активности за сите ученици.

**Јакнење на системот за наградување и мотивирање на наставниците и учениците:**

- Продолжување со јавно пофалување, признанија и препораки за напредок.
- Развој на дополнителни мотивациски механизми за поттикнување на ангажман и квалитетно работење.

**Интервју со директор: м-р Биљана Темелкова, ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ – Битола**

4.1. **Каква е соработката помеѓу директорот на училиштето и Училишниот одбор?**

Соработката со Училишниот одбор е на високо професионално ниво и се базира на доверба, транспарентност и редовна комуникација. Одборот е активно вклучен во носење на значајни одлуки, особено во делот на годишното планирање, усвојување на програмите и следење на реализацијата на училиштните приоритети. Моето раководење се темели на принципот на заедничка одговорност и вклученост во процесите на донесување одлуки.

4.2. **Како се одвива процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет во училиштето?**

Политиките и плановите се градат инклузивно, преку учество на сите чинители во училиштето – наставници, стручна служба, совет на родители, ученици и претставници од локалната заедница.

а) **Кој учествува при развојното планирање?**

Развојното планирање е тимски процес во кој учествуваат сите засегнати страни: наставниците преку стручните активи, родителите преку Советот на родители, учениците преку ученичката заедница и претставници на локалната заедница.

б) **Каква е соработката помеѓу различните чинители?**

Соработката е динамична и конструктивна. Се негува култура на отворен дијалог и споделување идеи. Преку редовни состаноци, анкети и работилници, сите страни се информираат и имаат можност да дадат придонес во подобрување на квалитетот на наставата и училишниот живот.

4.3. **Колку ефективно се користат ресурсите во училиштето?**

Ресурсите се користат рационално и плански. Просторните капацитети се прилагодуваат на потребите на наставата и проектните активности. Соочени сме со предизвици поврзани со застарена инфраструктура и делумна опременост, но преку донаторски активности, проекти и соработка со локални субјекти успеваме континуирано да ги подобруваме условите.

4.4. **Како се одвива процесот на планирање и обезбедување на потрошен материјал?**

Процесот се одвива транспарентно и плански. Наставниците доставуваат барања за потрошен материјал преку стручните активи, по што училиштето обезбедува најголем дел од потребите од сопствени средства или донации. Родителите се ангажираат симболично преку организирање на настани и хепенинзи кога станува збор за дополнителни материјали за конкретни активности. Предизвик е ограничениот буџет, кој го надминуваме преку партнерства и креативни решенија.

4.5. **Со какви предизвици се справувате за обезбедување наставен кадар и стручни соработници?**

Најчест предизвик е обезбедувањето стручни кадри по одредени предмети и ангажирањето на специјални едукатори, поради недостиг на кадар во системот. Овие предизвици ги надминуваме преку навремено доставување барања до општината и МОН, преку внатрешна организација и меѓусебна поддршка меѓу колегите.

4.6. **Како е организиран процесот на професионален развој на кадарот?**

Професионалниот развој е континуиран и се темели на индивидуални планови за напредување и колективни приоритети на училиштето. Наставниците се охрабруваат да учествуваат во обуки, семинари и проекти, а резултатите се споделуваат на советите. Кариерното напредување се спроведува според Законот за наставници и стручни соработници и се темели на реални постигнувања и залагања.

4.7. **Механизми за наградување и пофалување**

Училиштето има воспоставена практика за пофалување на наставниците кои покажуваат посебна ангажираност преку:
Јавно истакнување на седници на Наставнички совет,
Годишни благодарници,
Вклучување во проектни тимови и претставување на училишни нивоа,
Препораки за професионален напредок.

4.8. **Процес на следење на квалитетот на наставата**

а) Следењето се врши од страна на директорот и педагогот, а по потреба и од психологот.
б) Се реализира најмалку двапати годишно по наставник, а дополнително по потреба.
в) По секое следење се дава усна и писмена повратна информација со конкретни насоки.
г) На крајот од секој циклус се прави усогласување на планирањето и спроведување на препораките во наставниот процес.

4.9. **Споделување на информации со засегнатите страни**

а) Резултатите од развојната програма, анализите и извештаите се споделуваат преку наставнички совети, одделенски состаноци и родителски состаноци.
б) Информации за користењето на буџетот се доставуваат до Училишниот одбор, Советот на родители и Општината, а по потреба се истакнуваат и на огласна табла во училиштето.

**Заклучок:**
Верувам дека мојот стил и пристап јасно покажуваат дека сум директор со изразен лидерски капацитет, ориентиран кон резултати, тимска култура и одговорност, со силен фокус на училишната клима, развојот на наставниците и почитување на процедурите.
Мојата визија е училиштето да биде отворена, функционална и поддржувачка заедница, каде правилата создаваат ред, а редот овозможува квалитет. Верувам дека примерот на првиот човек е најсилната мотивација за колектив кој создава вредности и одговорни ученици.

***Интервју со претстедател на Инклузивен тим***

***Кој го сочинува инклузивниот тим и каква улога има?***

- ***Директор на училитето,*** кој покрај секојдневните обврски обезбедува соработка со координаторот за посебни потреби и го известува училишниот одбор.

- ***Координатор за посебни потреби*** може да биде педагог или психолог кој обезбедува соработка со соодветни стручни лица (дефектолог-специјален едукатор и рехабилитатор), стручни институции и здруженија, води досие за учениците со посебни потреби и остварува контакт со родителите.

- ***Предметен наставник и одделенски наставник*** е наставникот, во чие одделение е вклучено детето со посебни потреби. Тој обезбедува услови за реализација на инклузивната практика во соработка со специјалниот едукатор и рехабилитатор, координаторот за ИОП и родителите. Води евиденција, го следи и преиспитува напредокот на секое дете. Со инклузијата како процес се предвидува сите наставници да бидат инклузивни наставници.

- ***Дефектолог-специјален едукатор и рехабилитатор,*** кој му дава поддршка на одделенскиот наставник при изработка на ИОП, насочување за адаптирање на условите во редовното одделение, изработка на посебни наставни средства и контрола при употреба на истите, следење на напредокот на ученикот, соработка со родителите, наставниците, со други посебни училишта, истражувачки и рехабилитациски центри.

- ***Родител,*** битен член во тимот поради обезбедување поддршка и редовна едукација на родителите, како и одржување редовен пристап до информации и вклученост во креирањето на ИОП.

***2. Кои чекори ги превзема инклузивниот тим?***

Изработка на индивидуални образовни планови соодветни на способностите, потребите и подготвеноста на секој ученик. Водење досие за ученикот.

**3. Што се постигнува со горенаведените механизми?**

Подобра реализација на образовниот процес, адаптација на училишната средина, подобрување на условите, соработка со други инклузивни тимови.

**4. Каква е соработката со МКФ?**

Соработка со МКФ е одлична, испраќаме извештаи за ученици кои се за проценка или реевалуација, закажуваме ученици за проценка по службена должност, така што комуникацијата и соработката е на високо ниво.

**5. Со кои други чинители на инклузивното образование имате соработка?**

Соработка имаме со тимовите на другите основни општински училишта преку нашите специјални едукатори и рехабилитатори, одлична соработка имаме исто така со ресурсниот центар „Кочо Рацин" – Битола, кој е одговорен и ги обезбедува образовните асистенти во нашето училиште, со локалната самоуправа итн.

**6. Како се одвива процесот на градење инклузивни политики, планирање и обезбедување квалитетна индивидуална поддршка на овие ученици во училиштето?**

- Флексибилна индивидуализирана подршка на децата со ИОП од страна на учениците и наставниците. Наставниците стекнуваат подобро разбирање за културата и разновидноста на семејствата, се чувствуваат покомпетентни и со поголема самодоверба. Добиваат поддршка при работата со учениците со попреченост од страна на инклузивниот тим.
- Зголемено и активно учество во инклузивниот и образовниот процес и практична вклученост на родителите на деца со ИОП. Родителите имаат поголема интеракција со децата, стануваат поодговорни и почувствителни за нивните потреби и посигурни во своето родителство. Најдобри препораки за имплементација на добри политики за вклучување на родителите и заедницата во инклузивното образование се обезбедувањето поддршка и редовна едукација на родителите, како и одржување редовен пристап до информации.
-

ЗАКЛУЧОК: Нашето училиште може да се истакне дека за инклузијата како процес карактеристично е дека се оди чекор напред во промените и имаме појава на промена и прилагодување на групата кон поединецот. Во инклузивната средина постои промена и прилагодување на системот, околината и активностите во врска со потребите на сите корисници. Овој процес се карактеризира со флексибилност и креативност. За да може инклузивното образование да биде практично спроведено и да се исполнат целите и задачите на инклузивното образование имаме одличен функционален тим.

**ИЗВЕШТАЈ**

од самоевалуација на ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ – Битола период 2023 – 2025 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ _________ година) Општинското основно училиште „Ѓорѓи Сугарев“ – Битола изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2023 -2025 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на ____ година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот ___________година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | |
| 2. Постигања на учениците | |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | |
| 4. Управување и раководење | |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на _____ година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Во училиштето е воспоставен систем за континуирана поддршка на наставниците, со јасна координација помеѓу директорот, стручната служба и наставниот кадар. Секој наставник има електронско професионално портфолио, што овозможува транспарентност и полесно следење на планирањата. Планирањето се реализира преку редовни состаноци на стручни активи и одделенски совети, со висока вклученост на наставниците и размена на искуства.<br><br>Наставата се одвива согласно програмските документи на МОН и БРО, со примена на новата Концепција за основно образование, интеграција на меѓупредметни теми, ИКТ и инклузивен пристап. Наставниците применуваат разновидни методи – проектна работа, истражувачки активности, игра и дигитални алатки, а за учениците со ПОП се изработуваат и спроведуваат ИОП во координација со инклузивниот тим на училиштето.<br><br>Наставниците планираат личен и професионален развој, вонnаставни активности и соработка со родители. Наставниот процес се одвива непречено, а при отсуство на наставници часовите ги реализираат заменици со соодветна стручност. Анкетите со родители потврдуваат дека наставата се одвива редовно и целосно.<br><br>Слободните изборни активности и предмети се организираат според Водичот за СИП, а учениците ги избираат предметите според своите интереси. Поголемиот дел од наставниците, родителите и учениците сметаат дека училиштето нуди доволно изборни можности и дека наставата се прилагодува на индивидуалните потреби на учениците.<br><br>Во училиштето функционира Центар за поддршка на учениците со ПОП, во кој работат специјални едукатори и рехабилитатори. Образовни асистенти се ангажирани во неколку паралелки. Поголемиот дел од наставниците имаат или делумно имаат искуство во изработка на ИОП.<br>Соработката меѓу наставниците, учениците и родителите е висока, што овозможува доверба и квалитетна интеракција. Наставниците редовно ги пофалуваат учениците и даваат насоки за напредок.<br><br>Училиштето активно спроведува МИО активности и проекти со мултикултурен карактер – заеднички работилници, спортски настани и одбележувања на празници, со цел промовирање соживот и толеранција. Иако се забележува успешна имплементација на инклузивни и |

мултикултурни практики, родителите изразуваат загриженост поради непочитување на реонизацијата, што доведува до етничка сегрегација во запишувањето на учениците.

Се забележува ниска мотивација кај дел од учениците, често поврзана со ограничена вклученост на родителите и социјално-економски фактори, како и појава на етничка нерамнотежа поради непочитување на реонизацијата. Средниот училишен успех изнесува 2,75, што укажува на потреба од дополнителни мотивациски и поддржувачки мерки.

Родителите изразуваат доверба во наставниците и нивниот правичен однос кон сите ученици. Поголем дел од родителите (80,6%) се согласуваат дека училиштето е безбедна и мотивирачка средина, а учениците потврдуваат дека наставниците редовно ги известуваат за нивните постигања и им даваат насоки за подобрување. Речиси сите ученици чувствуваат слобода да прашуваат на часовите и да размислуваат критички.

Родителите позитивно го оценуваат Отворениот ден на училиштето, кој овозможува директна комуникација со наставниците и увид во постигнувањата на нивните деца. Повеќе од 88% од родителите активно разговараат со наставниците за успехот на децата, а 91% потврдуваат дека наставниците ги пофалуваат и насочуваат учениците.

Наставниците ги користат добиените податоци од оценувањето за подобрување на наставното планирање и обезбедување индивидуализиран пристап. Во посебните паралелки и Центарот за поддршка, специјалните едукатори применуваат дијагностички тестови и формативни проверки со цел поттикнување на напредокот според индивидуалните можности.

Во училиштето активно се реализираат бројни воннаставни, мултикултурни и проектни активности (Еразмус, Етвининг, Codeweek), со вклученост на наставници, ученици и родители. Организирани се натпревари, базари и хуманитарни акции, кои го поттикнуваат соживотот, ученичкото учество и толеранцијата. Соработката со невладини организации овозможува подобрување на наставниот процес и училиштната инфраструктура.

Учениците активно учествуваат во проекти иницирани од училиштето, општината и меѓународни програми (Еразмус, Етвининг, Codeweek), а голем број од нив се ангажирани во повеќе активности без разлика на пол, етничка припадност или способности. Наставниците (98,4%) потврдуваат дека обезбедуваат еднакви можности за сите ученици.

Посебно се издвојуваат активностите за промоција на добросостојба и заштита од насилство и дискриминација, преку кои учениците се вклучени во спортски и тимски активности. Учениците се дел и од планирањето на активностите (73,8%), што ја зголемува нивната мотивација и ангажираност.

Родителите активно се вклучуваат во организација на базари, натпревари и работилници (89,6%), а особено ги истакнуваат позитивните ефекти од заедничките активности со наставниците и локалната заедница. Учениците постигнуваат забележителни резултати на натпревари од различни области, меѓу кои државни награди по англиски јазик и биологија и успеси во спортски дисциплини.

Сите активности и резултати редовно се промовираат преку веб и Фејсбук страната на училиштето, со што се поттикнува транспарентност и јавна видливост на постигнувањата.

**Силни страни**

- Воспоставен систем за континуирана поддршка и следење на планирањата на наставниците, со јасна координација помеѓу директорот, стручната служба и наставниот кадар.
- Електронско професионално портфолио за секој наставник, што овозможува транспарентност, ажурност и ефикасна контрола.
- Високо ниво на соработка и комуникација меѓу наставниците, родителите и учениците (доверба, редовна размена на информации, вклученост во активности).
- Наставата се реализира согласно програмските документи на МОН и БРО, со интегрирани меѓупредметни теми, ИКТ содржини и инклузивен пристап.
- Активно функционира Центар за поддршка на ученици со ПОП и добро развиен инклузивен тим со ангажирани специјални едукатори и асистенти.
- Наставниците применуваат разновидни методи и стратегии за индивидуализиран пристап и формативно оценување.
- Учениците се охрабрени да прашуваат, размислуваат критички и даваат сопствен придонес во активностите.
- Реализирани се МИО и мултикултурни активности кои промовираат соживот, толеранција и меѓуетничка интеграција.
- Училиштето активно учествува во домашни и меѓународни проекти (Еразмус, Етвининг, Codeweek и др.), со висока вклученост на ученици и наставници.
- Родителите активно учествуваат во училиштниот живот преку базари, натпревари, работилници и советодавна поддршка.
- Воннаставните активности се разновидни, достапни и усогласени со интересите на учениците.
- Наставниците покажуваат висок степен на професионализам, позитивен однос и поддржувачка атмосфера за учење.

**Слаби страни**

- Дел од учениците имаат ниска мотивација за учење, најчесто поради слаб ангажман и ограничени можности на родителите (социјално-економски фактори).
- Се бележи поголем број изостаноци, што негативно влијае врз средниот училишен успех (2,75).
- Постојат случаи на непочитување на реонизацијата при запишување, што резултира со етничка нерамномерност во одделенијата.
- Недоволна проценка на дел од учениците според МКФ, што го отежнува креирањето соодветни ИОП.
- Потребна е посистематска поддршка за наставниците со помало искуство при подготовка и спроведување на ИОП.
- Дел од родителите и учениците сметаат дека треба дополнително збогатување на изборните и воннаставните активности.
- Неопходно е континуирано зајакнување на мотивацијата кај учениците преку нови стратегии и современи наставни пристапи.

**Приоритети**

**1. Поддршка и мотивација на учениците**

- Развивање стратегии и активности за **зголемување на мотивацијата за учење**.

- Намалување на бројот на **изостаноци** преку соработка со родители и стручната служба.
- Воведување современи, интерактивни методи на настава за поттикнување **активно учество и критичко размислување**.

**2. Подобрување на инклузивноста**

- Систематска **проценка на учениците според МКФ** за подобро планирање на индивидуални образовни планови (ИОП).
- Континуирана **поддршка и менторство за наставници со помало искуство** во изработка и реализација на ИОП.
- Унапредување на работата на **Центарот за поддршка на ученици со ПОП** преку нови ресурси и обуки.

**3. Рамномерна застапеност и меѓуетничка интеграција**

- Почитување на **реонизацијата при запишување** на ученици за да се обезбеди етничка рамнотежа.
- Продолжување и проширување на **МИО и мултикултурни активности** за промовирање соживот и толеранција.

**4. Развој на наставниот кадар**

- Продолжување со **континуирана поддршка, менторство и професионален развој** на наставниците.
- Поддршка во користење на **ИКТ, иновативни методи и формативно оценување**.
- Унапредување и користење на **електронското професионално портфолио** како алатка за следење и самоевалуација.

**5. Подобрување на комуникацијата и вклученоста на родителите**

- Поттикнување на **поголема родителска вклученост** преку заеднички активности и советодавни програми.
- Развивање систем за **редовна и двонасочна комуникација** помеѓу училиштето и семејствата со понизок ангажман.

**6. Збогатување на наставните и воннаставните активности**

- Развивање **нови изборни предмети и клубови** според интересите на учениците.

Поголема вклученост во **домашни и меѓународни проекти** за размена искуства и развој на ученички компетенции.

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето систематски ја следи успешноста и редовноста на учениците преку е-дневник, екстерни тестирања, анкетирање и редовна соработка со родителите. Податоците покажуваат висок степен на информираност и задоволство кај учениците, родителите и наставниците. Резултатите од екстерните тестирања се користат за анализа на постигањата, изработка на акциски планови и развој на индивидуализирани стратегии за учениците со тешкотии, како и за поддршка на надарените ученици.

Наставниците континуирано организираат дополнителна и додатна настава за подобрување на резултатите, со високо ниво на вклученост и поддршка од родителите. Примената на различни наставни методи и индивидуален пристап овозможува подобра прилагоденост на наставата кон потребите на учениците.

Редовноста на учениците внимателно се следи од страна на одделенските раководители и стручната служба. Со учениците кои подолго отсуствуваат и нивните родители се спроведува советување, во согласност со Законот за основно образование и Програмата за советување на родители. Постојат изработени процедури и акционен план за намалување на осипаноста, особено кај учениците од ранливи категории.

Анкетите покажуваат дека над 90% од родителите и наставниците сметаат дека училиштето активно ја следи редовноста и информира за отсуствата. Советувањата и индивидуалните средби придонесуваат за подобра соработка меѓу училиштето и семејството.

Дополнително, училиштето реализира програми за поддршка на учениците од ромска популација преку туторска настава, како и континуирана анализа на постигнувањата по предмети и периоди. Иако е воспоставен ефективен систем за следење и поддршка, се укажува на потреба од уште подетална анализа на резултатите, зголемена поддршка на надарените ученици и подобрување на материјалните услови за настава.

## Силни страни

- Систематско следење на редовноста на учениците од страна на одделенските раководители и стручната служба.
- Воспоставена процедура и постапка за регулирање на изостаноци во согласност со Законот за основно образование.
- Активна соработка со родителите преку советувања, индивидуални и групни средби.
- Висок процент на информираност кај родителите за редовноста и напредокот на нивните деца (над 90%).
- Организирање на дополнителна и додатна настава по сите наставни предмети за подобрување на постигнувањата.
- Реализирани програми за поддршка на ученици од ранливи категории (туторска настава преку Ромактед програмата).
- Наставниците применуваат различни методи, техники и стратегии за индивидуализиран пристап во наставата.
- Развиена програма за советување на ученици и родители со голем број реализирани активности.

Добра вклученост на учениците и родителите во процесот на следење на постигнувањата и

| |
|---|
| редовноста |
| **Слаби страни / Области за унапредување**<br><br>• Голем број неоправдани изостаноци поради ученици кои се заминати во странство, без доставени податоци за нивниот статус.<br>• Повторување на одредени групи ученици како последица на нередовно посетување на настава.<br>• Проблем со осипување на учениците, особено кај ромската популација, поради социјални и економски причини.<br>• Недоволна соработка со одредени родители поради ниска мотивација и социо-економски бариери.<br>• Ограничени можности за континуирана контрола и поддршка на ученици кои се на сезонска работа или надвор од земјата.<br>• Недостаток на елементарни хигиенски и материјални услови кај дел од семејствата што влијае на редовноста.<br><br>Потреба од дополнително зајакнување на анализа на резултатите од тестирањата и мерките за индивидуализирана поддршка. |
| **Приоритети**<br><br>• **Намалување на осипаноста и нередовноста на учениците**<br><br>• Продолжување на имплементацијата на акциониот план за редовност.<br>• Подобра координација со институциите (ЦСР, ДПИ, општина) за учениците кои се во ризик од напуштање на училиштето.<br><br>• **Зајакнување на соработката со родителите и семејствата од социјално ранливи категории**<br><br>• Зголемување на бројот на индивидуални и групни советувања.<br>• Вклучување на медијатори и асистенти за полесна комуникација со ромската популација.<br><br>• **Континуирана поддршка на учениците со потешкотии во учењето и надарените ученици**<br><br>• Унапредување на програмите за дополнителна и додатна настава.<br>• Воведување на менторски систем за следење на напредокот.<br><br>• **Подобрување на системот за евиденција и анализа на редовноста**<br><br>• Ажурно водење на евиденција за учениците кои се отсутни подолго време.<br>• Воведување на електронски извештаи и периодични анализи по паралелки.<br><br>• **Подобрување на материјалните и хигиенските услови за учениците во соработка со локалната заедница**<br><br>• Организирање хуманитарни и донаторски акции за обезбедување облека, обувки и училишен прибор. |

- Партнерство со општината и здруженија за создавање подобра социјална поддршка.

- **Јакнење на професионалниот развој на наставниците во областа на инклузивно и социо-емоционално учење**

- Обуки за работа со ученици со ниска мотивација и нарушен континуитет во учење.

Споделување добри практики и интерна поддршка во колективот.

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

Според анализата на податоците добиени од ученици, наставници и родители, може да се заклучи дека училиштето има **позитивна и стабилна училишна клима**, заснована на **взаемна почит, доверба и соработка** меѓу сите учесници во воспитно-образовниот процес. Поголемиот дел од анкетирани лица (од **80% до 95%**) изразиле согласност дека училиштето има јасно дефинирани правила на однесување, функционален кодекс и ефикасен систем за справување со дисциплината.

Учениците и родителите во најголем дел потврдиле дека **училишната средина е безбедна**, дека **учениците се прифатени и почитувани**, и дека наставниците се достапни за поддршка и разбирање на нивните потреби.

Активностите за **превенција на насилство**, **развивање здрави животни навики** и **емоционална поддршка на учениците** се оценети како многу успешни, со над 90% позитивни одговори.

Исто така, наставниците укажале дека во училиштето се реализираат бројни **советувања и кампањи** за превенција од ризично однесување (алкохол, пушење, дрога) и се поттикнува активен и здрав живот.

Од друга страна, како **најслаба точка** е издвоена **хигиената во училиштето**, каде што задоволството е најниско – само околу **30–55% целосна согласност**, особено во делот на тоалетите и заедничките простории.

**Соработката со родителите** е оценета како умерена, со делумна согласност кај скоро половина од наставниците, што укажува на потреба од подобрување на комуникацијата и вклученоста на родителите во училишниот живот

**Силни страни**

1. **Позитивна училишна клима и атмосфера на доверба**
   Високо ниво на почит, разбирање и поддршка меѓу ученици, наставници и родители.
   Над 90% од учениците и родителите изјавиле дека се чувствуваат прифатени и почитувани.
2. **Добро воспоставени и почитувани правила на однесување**
   Постојат јасно дефинирани правила и Кодекс на однесување со кои се запознаени сите страни.

Наставниците (100%) и повеќе од 85% ученици и родители ги потврдуваат нивната примена.

3. **Функционален систем за дисциплина и ненасилно решавање конфликти**

Над 80% од сите групи сметаат дека училиштето навремено реагира при појава на недисциплина и насилство.

Се реализираат редовни активности за превенција на насилство.

4. **Висока поддршка за учениците**

Училиштето нуди достапност и емпатија од страна на наставниците и раководството.

Учениците (93,8%) и родителите (85%) потврдиле дека можат да побараат помош и дека добиваат поддршка.

5. **Активности за промоција на здрав живот и превенција на штетни навики**

Речиси сите наставници (95–97%) потврдиле дека се спроведуваат програми и кампањи за здрава исхрана, физичка активност и превенција на алкохол, пушење и дрога.

6. **Безбедна и емоционално стабилна средина**

Повеќето ученици (над 80%) се чувствуваат сигурно, а вработените активно се грижат за безбедноста за време на часовите и одморите.

7. **Демократско функционирање на ученичкиот парламент и вклученост на учениците**

Наставниците (81,5%) и учениците (над 85%) потврдуваат дека парламентот функционира транспарентно и дека гласот на учениците се слуша.

**Слаби страни**

1. **Недоволно задоволителна хигиена во училиштето**

Најслабо оценета област од сите три групи.

Само 30,8% наставници и околу 50% ученици и родители се целосно задоволни.

Тоалетите и заедничките простории се наведени како критична точка.

2. **Делумна соработка со родителите**

Иако родителите имаат позитивен став, 47,7% наставници одговориле дека соработката е „делумна“.

Недостасува поинтензивна комуникација и заеднички активности.

3. **Нееднаква вклученост во проекти со Општината и заедницата**

Иако 73,8% наставници учествуваат, не е обезбедена доволна видливост и континуитет на тие активности.

4. **Потреба од систематизирање на поддршката за ученици со здравствени или емоционални потешкотии**

Иако постои добра волја и општа поддршка, потребни се дополнителни стручни кадри и планови за индивидуална помош.

5. **Непостојаност во доследна примена на дисциплинските мерки**

Мал процент наставници (околу 20%) и родители (10–15%) изразиле сомнеж во еднаквата примена на правилата кај сите ученици.

**Приоритети**

- **Негување на позитивната училишна клима и довербата меѓу сите чинители**
  Континуирано поттикнување на меѓусебна почит, емпатија и тимска соработка меѓу учениците, наставниците и родителите.

- **Задржување на високиот степен на поддршка за учениците**
  Продолжување со практиките на отворена комуникација, советувања и индивидуален пристап кон учениците.

- **Продолжување со превентивните активности против насилство и промоција на здрав живот**
  Одржување на програмите и кампањите за здрава исхрана, физичка активност и ментално здравје.

- **Јакнење на демократските процеси преку активностите на ученичкиот парламент**
  Поттикнување на ученичка иницијатива, самостојно планирање и транспарентност во неговото работење.

- **Задржување на безбедна и емоционално стабилна средина за сите ученици**
  Продолжување со редовниот надзор и поддршка од страна на вработените во текот на денот и за време на одморите.

- **Подобрување на хигиенските услови во училиштето**
  Планирање на конкретни активности за уредување и редовно одржување на тоалетите и заедничките простории.
  Вклучување на учениците во акции за хигиена и естетика на училиштето.

- **Зголемување на соработката со родителите**
  Развивање нови форми на комуникација: тематски средби, заеднички проекти, анкети за ставови и потреби.
  Поголема видливост на активностите каде родителите можат активно да учествуваат.

- **Поголема вклученост на училиштето во проекти со Општината и заедницата**
  Систематско планирање на заеднички активности и партнерства со локални институции.
  Промовирање на успешните проекти за зголемување на јавната поддршка и препознатливост на училиштето.

- **Развивање систематизирана поддршка за ученици со здравствени и емоционални потешкотии**
  Формирање интерен тим за психосоцијална поддршка и воведување индивидуални планови за ученички потреби.

**Унапредување на доследната примена на дисциплинските мерки**
Јасна и еднаква примена на Кодексот на однесување за сите ученици.
Поголема транспарентност во постапките и повратна информација до родителите.

| Подрачје 4: Управување и раководење |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Во училиштето, **управувањето и раководењето** се реализираат професионално, транспарентно и тимски, со јасна визија и акцент на заедничка одговорност. Соработката помеѓу директорот, Училишниот одбор, наставниците, родителите и учениците се темели на **доверба, редовна комуникација и активно учество** во креирањето на училишните политики.<br><br>Анкетните резултати потврдуваат високо ниво на информираност и задоволство кај сите чинители:<br><br>• **67,8%** од наставниците се согласуваат дека Училишниот одбор редовно обезбедува информации за својата работа, додека **30,7%** делумно се согласуваат.<br>• **95,4%** сметаат дека раководството има јасна визија за насоката на развој на училиштето.<br>• **98,4%** сметаат дека работењето на училиштето се заснова на тимска работа и вклучување на вработените во планирање и обезбедување на квалитет.<br>• **98,5%** потврдуваат дека директорот успешно иницира и раководи со промените, особено во однос на Центарот за поддршка на учениците со посебни потреби.<br>• **89,2%** се информирани за резултатите и динамиката на развојната програма, додека **10,8%** делумно се согласуваат.<br><br>Процесот на креирање на училишната политика е **инклузивен и транспарентен**, со активно учество на сите засегнати страни: наставници, ученици, родители и локална заедница. Анкетите покажуваат дека **77,6%** од родителите сметаат дека Училишниот одбор транспарентно ги објавува донесените одлуки, а **91%** присуствуваат на родителски состаноци организирани од одделенскиот раководител.<br><br>Планирањето и управувањето со ресурсите и буџетот се **рационални и транспарентни**, со јасно дефинирани приоритети. Наставниците се вклучуваат преку стручните активи, додека училиштето обезбедува материјални ресурси преку сопствени средства и донации. **35,4%** од наставниците целосно добиваат потребен материјал, додека **46,2%** делумно. Буџетот се споделува со Училишниот одбор, Советот на родители и, по потреба, со Општината (**38,5%** целосно запознаени, **49,2%** делумно).<br><br>Во целина, управувањето, раководењето и креирањето на училишните политики се **ефикасни, инклузивни и транспарентни**, со постојан стремеж кон подобрување на квалитетот на наставата, професионалниот развој на кадарот и создавање поддржувачка училишна средина за учениците. |
| **Силни страни**<br><br>**Професионално и тимско раководење:**<br><br>• Раководството и Училишниот одбор работат транспарентно и тимски, со јасна визија (**95,4%** согласни за јасна визија на раководството, **98,4%** за тимска работа).<br>• Директорот успешно иницира и раководи со промените, особено во Центарот за поддршка на учениците со посебни потреби (**98,5% согласни**). |

- Активна вклученост на наставниците, родителите и учениците во креирање политики и развој на училиштето.

**Квалитетен и компетентен наставен кадар:**

- Наставниците се високо професионални, компетентни и мотивирани (**83,6% согласни**).
- Се спроведува систем за пофалување и наградување на наставниците за нивниот труд (**86,2% согласни**).

**Инклузивна и соработка со заедницата:**

- Наставниците, родителите и учениците се активно вклучени во развојните процеси, планирање и политики.
- Центарот за поддршка на учениците со посебни потреби е препознат од **94% од родителите**, што укажува на успешна инклузивна практика.

**Добра комуникација и информираност:**

- Родителите се редовно информирани за активностите на училиштето и присуствуваат на состаноци (**91% присуство на родителски состаноци**).

- Наставниците се информирани за резултатите од развојната програма и динамиката за реализација (**89,2% согласни**).

**Достапни и стимулирачки ресурси за учениците:**

- Училишната библиотека и медијатеката се достапни и создаваат пријатна атмосфера за учење (**96,9% и 93,8% согласни**).
  Учениците се пофалуваат и наградуваат за постигнатите резултати, што поттикнува мотивација и афирмирање на училиштето во локалната средина.

**Стратегиски развој и континуирано унапредување:**

- Се спроведува систематско следење на наставниот процес, редовни евалуации и работилници (**71,6% учество во фокус групи**).
- Постојан професионален развој на наставниците преку обуки, семинари и проекти (**81,5% учество во обуки**).

**Позитивна училишна клима и култура на соработка:**

- Се негува отворен дијалог, меѓусебно почитување и тимска работа.

Учениците, наставниците и родителите се мотивирани да учествуваат активно во училиштниот живот.

**Слаби страни**

**Ограничен пристап до финансиски информации:**

- Само **38,5%** од наставниците целосно се информирани за начинот на трошење на буџетот, а **49,2%** делумно.
- Постои простор за подобра транспарентност и редовно информирање за финансиските средства.

**Недоволно обезбедување на материјални ресурси:**

☐

- Само **35,4%** од наставниците сметаат дека училиштето целосно обезбедува потребен материјал, додека **46,2%** делумно и **18,5%** не се согласуваат.
- Се јавуваат ограничувања во опремата и потрошниот материјал, кои можат да влијаат на квалитетот на наставата и активностите.

**Недостиг на стручни кадри:**

- Во некои предмети и специјализирани области (специјални едукатори) има недостиг на кадар, што бара надминување преку дополнителни барања до Општината или внатрешна организација.

**Ограничувања во инфраструктурата и просторните капацитети:**

Иако училиштето се труди да обезбеди функционални простории, постојат предизвици поврзани со инфраструктурата и опременоста, кои се надоместуваат преку донации и партнерства.

**Приоритети**

**Подобрување на информираноста и транспарентноста за буџетот и ресурсите:**

- Зголемување на бројот на наставници кои целосно се информирани за трошењето на буџетот (**само 38,5% се целосно запознаени**).
- Подобрување на достапноста на потрошниот материјал (**35,4% целосно обезбедено, 46,2% делумно**).

**Јакнење на стручниот кадар и професионалниот развој:**

- Дополнителни обуки и семинари за наставниците кои се делумно опфатени (**18,5% не учествуваат во обуки доволно).
- Поттикнување постојано усовршување и примена на нови наставни методи (**21,5% сметаат дека училиштето не доволно ги поттикнува за професионален развој).

**Подобрување на инфраструктурата и опременоста на училиштето:**

- Надминување на ограничувањата во просториите и наставната опрема.
- Промоција на проекти, партнерства и донации за подобрување на условите за работа и учење.

**Зголемена вклученост на родителите и локалната заедница:**

- Подобрување на информираноста за планираните активности (**само 65% целосно информирани за следниот период**).
- Зголемување на партиципативноста во развојот на училишните политики и проекти.

**Континуирано унапредување на наставниот процес:**

- Зголемување на фокусот на евалуација на наставата и користење на добиените препораки за унапредување
- Јакнење на тимската работа помеѓу наставниците, родителите и учениците за подобрување на квалитетот на учењето.

**Поддршка на инклузивното образование:**

- Продолжување и унапредување на активностите на Центарот за поддршка на учениците со посебни потреби (**94% родителите се запознаени со постоењето на центарот**).
- Осигурување на рамноправен пристап до образовни ресурси и активности за сите ученици.

**Јакнење на системот за наградување и мотивирање на наставниците и учениците:**

- Продолжување со јавно пофалување, признанија и препораки за напредок.

Развој на дополнителни мотивациски механизми за поттикнување на ангажман и квалитетно работење.

| Подрачја на вреднување | Комисија за самоевалуација<br>ЧЛЕНОВИ НА ТИМОТ |
|---|---|
| **Подрачје 1**<br><br>**ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ** | **Координатор**<br>Наташа Тодоровска, одделенски наставник, наставник ментор<br>**Членови:**<br>Сунчица Бендевска, одделенски наставник<br>Билјана Чантурија, наставник по географија<br>Мирјана Ѓоршевска Поповска, наставник по граѓанско образование |
| **Подрачје 2**<br><br>**ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ** | **Координатор**<br>М-р Валентина Петреска, педагог<br>**Членови:**<br>Д-р Екатерина Михељкис, наставник по музичко образование<br>Соња Крајчевска, одделенски наставник<br>Слободан Христов, наставник по ликовно образование |
| **Подрачје 3**<br><br>**УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО** | **Координатор**<br>Ирена Митревска, наставник по германски јазик<br>**Членови:**<br>М-р Наташа Алабаковска Апчевска, одделенски наставник<br>Виолета Момчиловска, одделенски наставник<br>Весна Зулумовска-член |
| **Подрачје 4**<br><br>**УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ** | **Координатор**<br>Наташа Марковска, одделенски наставник<br>Андријана Илијовска, одделенски наставник<br>Лилјана Василевска, наставник по математика<br>Симено Митревски, специјален едукатор и рехабилитатот |
| **Комисија за самоевалуација и техничка поддршка** | М-р Оливера Шиклеска Гроздановска, наставник по информатика |

: